# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 15.03.2024 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 3 - Година 2024** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите;
2. Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година;
3. Одлука за именување на член на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево;
4. Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година;
5. Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година;
6. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор;
7. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - помлад инспектор за животна средина;
8. Деловник за работа на советот на општина Пехчево;
9. Одлука за усвојување на Деловник за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево;

**10.** Одлука за усвојување на Програма со акциски план за спроведување на активности за превенција на детско престапништво за 2024 година;

**11.** Одлука за усвојување на дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;

**12.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2023 година;

**13.** Одлука за усвојување на Извештај за извршени работи во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период јануари - декември 2023 година;

**14.** Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2023/2024 година;

**15.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2023 година;

**16.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2023 година;

**17.** Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година;

**18.** Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај од работењето на општина Пехчево за 2023 година;

**19.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на општина Пехчево за 2023 година;

**20.** Одлука за усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2023 година;

**21.** Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево за 2023 година;

Бр. 09-376/1
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/2
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 191 став 2 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево и износот на надоместокот на трошоците за престој, што паѓа на товар на родителите**

Член 1

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево бр. 02-52/5 од 01.02.2024 година.

Член 2

Целодневен престој на деца од предучилишна возраст (од 0-6 години) е институционална организирана форма на престој на деца во траење од 9 до 11 часа дневно. На децата се нуди згрижување, исхрана (појадок, ручек и две ужини), дневен одмор и организирани воспитно-образовни активности.

Цената за целодневен престој изнесува:

1.900 (илјада и деветсотини денари) целодневен престој за првото дете

1.600 (илјада и шестотини денари) целодневен престој за второто дете - ако родителите во исто време имаат 2 деца во градинката

Член 3

Полудневен престој претставува вид на услуга која ја нуди градинката. Установата на детето му обезбедува појадок и ужина и воспитно - образовни активности.

Цената за полудневен престој изнесува:

1.000 (илјада денари) полудневен престој за првото дете

800 (осумстотини денари) полудневен престој за второто дете - ако родителите во исто време имаат 2 деца во градинката

Член 4

Надоместокот за три и повеќе деца изнесува 50% од цената на услугите во градинката:

950 (деветстотини и педесет денари) - целодневен престој за трето и повеќе деца.

Член 5

Цената за продолжен престој изнесува:

1.900 (илјада и деветсотини денари) продолжен престој за првото дете

1.600 (илјада и шестотини денари) продолжен престој за второто дете - ако родителите во исто време имаат 2 деца во градинката. Установата на детето му обезбедува појадок, ужина и ручек и воспитно - образовни активности.

1.000 (илјада денари) продолжен престој без воспитно - образовни активности, установата на детето му обезбедува појадок и ужина.

Член 6

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 08-138/1 од 25.01.2024 година објавена во Сл.Гласник бр.02/2024 година.

Член 7

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-355/1<br>15.03.2024 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/3 Градоначалник на
15.03.2024 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува финансовиот извештај од завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Финансовиот извештај од завршната сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2023 година (донаторски с-ки, самофинансирачки активности, сметка за наменски дотации), е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-356/1 Совет на општина Пехчево
15.03.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Општинска јавна установа за деца
Детска градинка „7 Септември“

Бр. 05-68/1
05.02.2024 год.
ПЕХЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | | Прилог | Вредност |
| | | | |

# ОЈУДГ " 7 СЕПТЕМВРИ" - ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3  2326 Пехчево  Република Северна Македонија
Тел/факс  ++389 033 441 331

**До**
**Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево за 2023 година, на сметка Самофинансирачки активности 754010223278710**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | **4.059.015,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **32.988,00** |
| 420130 | Сместување во земјата | 2.900,00 |
| 420210 | Патување во странство-хранарина(дневница) | 3.688,00 |
| 420230 | Патување во странство-сместување | 26.400,00 |
| **421** | **Комунални усуги, греење, комуникација и транспорт** | **38.785,00** |
| 421390 | Други трошоци за комуникации | 6.600,00 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 11.247,00 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 20.938,00 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **2.898.606,00** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 43.164,00 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија | 36.787,00 |
| 423330 | Постелина | 43.138,00 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 2.468.443,00 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 37.635,00 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 175.635,00 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 53.144,00 |
| 423810 | Ситен инвентар | 40.690,00 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **197.614,00** |
| 424110 | Поправка и сервисирање на лесни возила | 38.786,00 |
| 424210 | Одржување на згради | 110.328,00 |
| 424230 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 11.800,00 |
| 424420 | Поправка и одржување на софтверска и хардвер опрема | 29.200,00 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 7.500,00 |
| **425** | **Договорни услуги** | **147.141,00** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 14.584,00 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 10.949,00 |
| 425310 | Правни услуги | 34.290,00 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 33.000,00 |
| 425740 | Дополнителни активности | 28.983,00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 25.335,00 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **119.015,00** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 5.860,00 |
| 426310 | Семинари и конференции | 31.700,00 |
| 426410 | Објавување на огласи | 49.948,00 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 31.507,00 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **450.190,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 50.288,00 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 399.902,00 |
| **483** | **Купување на мебел** | **65.096,00** |
| 483190 | Купување на друг мебел | 65.096,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **3.949.435,00** |

| Име на конто | Конто | Приходи | Расходи | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| Транскациска сметка | 1000 | 4.059.015,00 | 3.949.439,00 | **+109.580,00** |

220- Обврски спрема добавувачите во земјата: **83.843,00** денари.

120-Побарувања од корисниците на буџетот: 234.360,00 денари
122-Побарувања од граѓани: 125.774,00
Вкупно побарувања: **360.134,00**

ОЈУДГ"7 Септември"-Пехчево
Директор
/Васка Симовска/

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
Детска градинка „7 Септември"

Бр. 05-68/2
05.02. 20 24 год.
ПЕХЧЕВО

# ОЈУДГ " 7 СЕПТЕМВРИ " - ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 331
e-mail: detskagradinkapehcevo@yahoo.com

**До**
**Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево за 2023 година, на сметка Наменски дотации 754010223290314**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | **16.056.777,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| **401** | **Основни плати** | **9.489.297,00** |
| 401130 | Основни плати | 8.799.709,00 |
| 401310 | Персонален данок | 659.591,00 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 29.997,00 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **3.678.588,00** |
| 402110 | Придонеси за ПИО | 2.469.923,00 |
| 402210 | Придонеси за здравство | 985.330,00 |
| 402220 | Придонеси за проф. заболување | 65.684,00 |
| 402310 | Придонеси за вработување | 157.651,00 |
| **404** | **Надоместоци** | **270.000,00** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 270.000,00 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **824.367,00** |
| 421110 | Електрична енергија | 156.631,00 |
| 421120 | Водовод и канализација | 137.869,00 |
| 421220 | Дрва | 348.463,00 |
| 421240 | Течни горива | 100.000,00 |
| 421310 | Пошта | 13.852,00 |
| 421320 | Телефон | 67.552,00 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **815.801,00** |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 815.801,00 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **72.000,00** |
| 424210 | Одржување на згради | 72.000,00 |
| **427** | **Привремени вработувања** | **834.724,00** |
| 427110 | Привремени вработувања | 834.724,00 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **72.000,00** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 72.000,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **16.056.777,00** |

ОЈУДГ "7Септември"-Пехчево
Директор
/Васка Симовска/

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
Детска градинка „7 Септември"
Бр. 05-68/4
05.02.2024 год.
ПЕХЧЕВО

# ОЈУДГ " 7 СЕПТЕМВРИ " - ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 331

**До**
**Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево за 2023 година, на Донаторска сметка 754010223278546-„Стратешки партнерски проект КА2 и 2021-2-ЛТ01-КА210-СЦХ-000049624"**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | **225.525,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **100.283,00** |
| 420210 | Патување во странство-хранарина(дневница) | 100.283,00 |
| **421** | **Комунални усуги, греење, комуникација и транспорт** | **15.184,00** |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 15.184,00 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **56.000,00** |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 56.000,00 |
| **425** | **Договорни услуги** | **15.990,00** |
| 425990 | Други договорни услуги | 15.990,00 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **38.068,00** |
| 480140 | Купување на информатичко и видео опрема | 38.068,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **225.525,00** |

| Име на конто | Конто | Приходи | Расходи | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| Транскациска сметка | 1000 | 225.525,00 | 225.525,00 | 0 |

ОЈУДГ"7 Септември"-Пехчево
Директор
/Васка Симовска/

Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца
Детска градинка „7 Септември“
Бр. 05-68/3
05 02 2024 год.
Пехчево


# ОЈУДГ " 7 СЕПТЕМВРИ " - ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 331


**До**
**Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево за 2023 година, на Донаторска сметка 754010223278512-„Инклузија на деца Роми во детските градинки“**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | **47.688,00** |
| | **РАСХОДИ** | |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **31.677,00** |
| 423410 | Прехрамбени продукти | 31.677,00 |
| | | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **31.677,00** |

| Име на конто | Конто | Приходи | Расходи | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| Транскациска сметка | 1000 | 47.688,00 | 31.677,00 | + 16.011,00 |

ОЈУДГ"7 Септември"-Пехчево
Директор
/Васка Симовска/

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за именување на член на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за именување на член на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/4
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и (Сл.Весник на РСМ бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и Предлог бр.03-144/8 од 07.02.2024 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за именување на член на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

За член на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се именува:

- Ванчо Крушарски - Пехчево;

**Член 2**

Членот на надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-357/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/5
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на финансов извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува финансовиот извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Финансовиот извештај од завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2023 година (буџетска с-ка 180101005760316, самофинансирачки активности 754011005778714, сметка за наменски дотации 754011005790319 програма К2 и К3), е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-358/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

ДОМ НА КУЛТУРАТА „ЈАНЕ САНДАНСКИ" ПЕХЧЕВО
Примено: 08.02.2024


**О.У. Дом на Култура „ Јане Сандански "- Пехчево**
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
тел. ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com


ДК Јане Сандански
Пехчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 09.02.2024. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 212/1 | 1 | 1 |

**До: Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански"-Пехчево за 2023 година, на сметка Наменски дотации 754011005790319 програма К2 и К3**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | |
| **741** | **Такси и надоместоци** | **1.849.296,00** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 1.849.296,00 |
| | | |
| | **РАСХОДИ** | |
| **401** | **Основни плати и надоместоци** | **999.915,00** |
| 401130 | Основни плати –други вработени | 919.566,00 |
| 401310 | Персонален данок од плати | 78.127,00 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 2.222,00 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **388.001,00** |
| 402110 | Придонес за ПИО | 260.518,00 |
| 402210 | Придонес за здравство | 103.928,00 |
| 402220 | Придонес за професион. заболување | 6.928,00 |
| 402310 | Придонес за вработување | 16.627,00 |
| **404** | **Надоместоци** | **20.000,00** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 20.000,00 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **152.019,00** |
| 421110 | Електрична енергија | 32.864,00 |
| 421120 | Водовод и канализација | 6.192,00 |
| 421220 | Дрва | 24.780,00 |
| 421240 | Течни горива | 17.960,00 |
| 421310 | Пошта | 2.175,00 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 36.548,00 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 31.500 |
| **423** | **Матерјали и ситен инвентар** | **107.148,00** |
| 423110 | Канцелариски матерјали | 10.510,00 |
| 423330 | Постелина | 6.620,00 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 65.055,00 |
| 423810 | Ситен инвентар | 19.990,00 |
| 423990 | Други матерјали | 4.973,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **424** | **Поправка и тековно одржување** | **21.200,00** |
| 424420 | Поправка и одржување на софтвер и хардвер опрема | 21.200,00 |
| **425** | **Договорни услуги** | **74.842,00** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 3.780,00 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 37,00 |
| 425920 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 8.755,00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 62.270,00 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **30.551,00** |
| 426990 | Други оперативни расходи | 30.551,00 |
| **481** | **Градежни објекти** | **47.000,00** |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 47.000,00 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **8.620,00** |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 8.620,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1.849.296,00** |

08.02.2024 год.

ОУДК "Јане Сандански" – Пехчево

Д и р е к т о р

/ Валентина Веселинска /

ДОМ НА КУЛТУРАТА
„ЈАНЕ САНДАНСКИ" ПЕХЧЕВО
08.02.2024

05 16/2

**О.У. Дом на Култура „ Јане Сандански "- Пехчево**
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
тел. ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

ДК Јане Сандански
Пехчево

**До: Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански"-Пехчево за 2023 година, на сметка Самофинансирачки активности 754011005778714 програма К2**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **78.024,00** |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | 78.024,00 |
| | | |
| | **РАСХОДИ** | |
| **423** | **Матерјали и ситен инвентар** | **12.016,00** |
| 423990 | Други матерјали | 12.016,00 |
| **425** | **Договорни услуги** | **25.788,00** |
| 425290 | Други финансиски услуги | 6.300,00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 19.488,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **37.804,00** |

| Име на конто | Конто | Приходи | Расходи | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| Транскациска сметка | 1000 | 78.024,00 | 37.804,00 | +40.220,00 |

08.02.2024 год.

ОУДК "Јане Сандански" – Пехчево
Директор
/ Валентина Веселинска /

ДОМ НА КУЛТУРАТА "ЈАНЕ САНДАНСКИ" ПЕХЧЕВО
Примено: 8.02.2024
05 16/3

**О.У. Дом на Култура „ Јане Сандански "- Пехчево**
ул. Маршал Тито бб 2326 Пехчево Република Северна Македонија
тел. ++ 389 033 441 128 e-mail: dksandanski@yahoo.com

ДК Јане Сандански
Пехчево

**До: Совет на Општина Пехчево**

**Финансов извештај од Завршната сметка на ОУ ДК „Јане Сандански"-Пехчево за 2023 година, на сметка Буџетска 180101005760316**

| Конто | ОПИС | Износ денари |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **73.274,00** |
| **741** | **Такси и надоместоци** | 73.274,00 |
| 741112 | Трансфери од буџетот | |
| | | |
| | **РАСХОДИ** | **73.274,00** |
| **464** | **Разни трансфери** | 73.274,00 |
| 464990 | Други трансфери | **73.274,00** |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | |

08.02.2024 год.

ОУДК "Јане Сандански" – Пехчево
Директор
/ Валентина Веселинска /

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/6
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.161/19, 229/20), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги разгледа Програмите за екскурзија за учениците од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево и дава позитивно мислење за:

- Програма за изведување на еднодневна ученичка екскурзија за учениците од III одделение (2023/2024) бр. 08-48/7 од 16.02.2024 год;
- Програма за изведување на дводневна ученичка екскурзија за учениците од VI одделение (2023/2024) бр. 08-48/2 од 07.02.2024 год;
- Програма за изведување на тридневна ученичка екскурзија за учениците од IX одделение (2023/2024) бр. 08-48/3 од 07.02.2024 год;

**Член 2**

Програмите ги содржат сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости, ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-359/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11. 2019 година, стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево, изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДД**
**ПРИ ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево, општина:Пехчево**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: еден работен ден во мај / јуни (2024)
Патувањето започнува од Пехчево преку Струмица за Дојран – Пехчево

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ
- Градење на чувство на припадност кон државата
- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта
- Развивање на позитивен став кон природата и природните богатства

**ЗАДАЧИ:**

- Создавање навики за здраво општествено живеење
- Дружење, социјализација, осамостојување и грижа за себе
- Запознавање со природните убавини на градот Дојран и Дојранското Езеро

| СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | РАКОВОДИТЕЛИ | ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ | ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО III -то ОДД. |
|---|---|---|---|---|
| Посета на локалитети од историско значење , наблудување на појави во природата , истражување на културата, традицијата и занаетите | **-Раководител на екскурзија:**<br>- Павлинка Цикарска<br><br>**Одделенски раководители**<br>-Сашо Таковски<br>- Весна Мавровска<br>- Љубинка Михаиловска | Мај/јуни | **Патни правци:**<br>**1.ден :**Поаѓање од Пехчево за Дојран – Дојранско езеро; ручек; Струмица – Колешински водопади и Манастир „Св. Леонтиј" – Водоча. Враќање во Пехчево во вечерните часови.<br><br>**Локации:**<br>Пехчево – Дојран – Дојранско езеро – Струмица - Колешински водопади - Манастир „Св. Леонтиј" – Водоча - Пехчево | 35 |

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:** Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**: Финанасиски средства од родителите на учениците.Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија .

**Стручен тим за организирање на екскурзија:**

Добрила Јовевска –Директор
Павлинка Цикарска-одделенски наставник
Весна Мавровска– одделенски наставник
Љубинка Михаиловска - одделенски наставник
Сашо Таковски - одделенски наставник

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11. 2019 година, стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДД**
**при ООУ „Ванчо Китанов“ Пехчево**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: два работни дена во мај (2024)
Патувањето започнува од Пехчево - Струмица – Дојран – Кавадарци – Пехчево

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА:**

- совладување и проширување на знаењата;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во средината,културно историски знаменитости, индустриски, земјоделски капацитети и спортски објекти;

**ЗАДАЧИ**:

- изучување и истражување на објекти и појави во природата ;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство на патриотизам , толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности;
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;

| СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ | ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ | ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО VI ОДД. |
|---|---|---|---|---|
| -посета на манастири и локалитети од историско значење<br><br>-набљудување на појави во природата<br><br>-истражување на културите и спортот во тие краишта. | **РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**<br><br>**Виолета Ѓорѓиевска**<br><br>Одделенски раководител<br><br>Милан Трајановски | МАЈ 2024 год. | **Патни правци и локации:**<br>**1 ден:** Поаѓање од Пехчево кон Струмица<br><br>Во Струмица посета на Колешински водопади и Смоларски водопади, манастир „ Успение на Пресвета Богородица" – Елеуса и манастир „Свети Леонтиј" – Водоча.<br>Прошетка низ градот Струмица.<br>Ручек во Струмица.<br>Струмица – Дојран<br>Сместување во хотел, прошетка низ градот, вечера во хотелот<br><br>**2 ден:** Појадок во хотелот во Дојран<br><br>Дојран – Кавадарци<br>Во Кавадарци посета на Стоби, ХЕЦ „Тиквеш", спомен одбележието 12 Ваташки младинци, спомен куќата на Страшо Пинџур, Музеј на град Кавадарци, градски парк – спомен Костурница<br>Ручек во Кавадарци<br>Кавадарци – Пехчево<br>Пристигнување во Пехчево во вечерните часови | 19 |

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- Квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар и седиште за секој ученик и наставник.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Стручен тим за организирање на екскурзија:**

**Добрила Јовевска**-*директор*
**Виолета Ѓорѓиевска** - *раководител на екскурзијата*
**Милан Трајановски** - *Одделенски раководител*

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11. 2019 година, стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, изготви

## ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IXОДД ПРИ ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево, општина:Пехчево

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: три работни дена во мај (2024)
Патувањето започнува од Пехчево (преку Виница) - Скопје – Тетово – Вевчани – Струга – Охрид – Свети Наум Битола – Крушево – Пехчево

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, сорелјефот, вегетацијата на овие простори,
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори,
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**ЗАДАЧИ:**

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**АКТИВНОСТИ:**

**Прв ден:**

- Пехчево – Скопје: **Појадок** и тргнување во 7:30 од Пехчево (преку Виница) до Скопје. Во Скопје посета на црква „Св. Спас" (почивалиште на Гоце Делчев) и музејот на Македонската борба.
- Скопје – Тетово: Во Тетово посета на Шарена џамија.
- Тетово - Дебар: **Ручек**, Посета на Бигорски манастир „Св.Јован Крстител" и манастир „Св.Георгиј Победоносец" – Рајчица.
- Дебар – Охрид: **Вечера** и сместување во Охрид.

**Вторден:**

- **Појадок**
- Посета на Спомен дом на браќа Миладиновци во Струга
- Вевчани – посета на Вевчански извори
- Охрид - Билјанини извори, Посета на Стариот град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија" – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов" – Канео
- **Ручек** во Охрид, посета на наколно живеалиште „Град на вода", манастир „Св.Наум Охридски"
- **Вечера** во Охрид

**Третден:**

- **Појадок** и тргнување кон Битола. Во Битола посета „Хераклеа", спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк и прошетка низ градот.
- Битола –Крушево. Во Крушево посета на спомен куќа на Тодор Проески и споменик „Македониум", посета на галеријата на Никола Митриновски. Пауза за **ручек.**
- Крушево - Пехчево. Пристигнување во вечерните часови.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:**

- Јулија Велковска, одделенски раководител IXa одд., Пехчево – раководител на екскурзијата
- Николина Каракашова, одделенски раководител IXб одд., Пехчево
- Александар Параско в, одделенски раководител на IX одд.с. Црник

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- Квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар и седиште за секој ученик и наставник.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Стручен тим за организирање на екскурзија:**

Добрила Јовевска-директор
Јулија Велковска- раководител на екскурзијата
Николина Каракашова - Одделенски раководители
Александар Параско – Одделенски раководител

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/7 Градоначалник на
15.03.2024 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 14 од Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр.08-310/1 од 06.03.2024 година, за обезбедување на услуги од општина Берово за општина Пехчево и тоа:
-комплетна услуга од овластен градежен инспектор

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до општина Берово на усвојување.

**Член 3**

Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку потпишување Договор за меѓуопштинска соработка од страна на градоначалниците на двете општини, по претходно донесени одлуки од страна на советите на општините, во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-360/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 15.03.2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Берово**

**Член 1**

За членови на заедничката комисија за членови од општина Пехчево се именуваат:
- Николчо Станоевски - советник за документација за градба и заштита на животната средина
- Љупчо Галазовски - самостоен референт за Реализација на урбанистички планови

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-360/2
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - помлад инспектор за животна средина**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - помлад инспектор за животна средина, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/8
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 14 од Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - помлад инспектор за животна средина**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр.08-311/1 од 06.03.2024 година, за обезбедување на услуги од општина Берово за општина Пехчево и тоа:
-комплетна услуга од помлад инспектор за животна средина

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до општина Берово на усвојување.

**Член 3**

Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку потпишување Договор за меѓуопштинска соработка од страна на градоначалниците на двете општини, по претходно донесени одлуки од страна на советите на општините, во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-361/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 15.03.2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Берово**

**Член 1**

За членови на заедничката комисија за членови од општина Пехчево се именуваат:
- Николчо Станоевски - советник за документација за градба и заштита на животната средина
- Љупчо Галазовски - самостоен референт за Реализација на урбанистички планови

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-361/2
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Деловник за работа на советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Деловник за работа на советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/9
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

# Д Е Л О В Н И К
**за работа на Советот на општина Пехчево**

**Март 2024 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 2 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година, донесе

**ДЕЛОВНИК**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Советот на Општина Пехчево (во натамошниот текст: Советот), конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на Советот, правата и должностите на членовите на Советот, правата и должностите на претседателот на Советот, работата на Советот, неговите комисии, и посебните тела на Општината, програмирањето на работата на Советот, јавноста во работата на Советот и неговите комисии, актите на Советот, донесувањето прописи од надлежност на Советот, претресувањето извештаи, анализи и други материјали, давањето согласност на статути и годишни сметки, односите на Советот со градоначалникот, односите на советот со јавните служби, установи и претпријатија, односите на советот со советите на други општини, вршењето на стручни работи за потребите на Советот, иамените на деловникот, како и други прашања од значење за работата на Советот.

Член 2

Работата на Советот, постојаните и повремените комисии е јавна, освен во случаите определени со закон, Статутот на Општина Пехчево (во натамошниот текст: Статутот) и со овој деловник.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ, ОДНОСНО ВЕРИФИКАЦИЈАТА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

Член 3

Конституирањето на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот.
Советот е конституиран доколку на коститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот, по предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Член 4

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања ја избира Советот од редот на членовите на кои врз основа на постигнатите изборни резултати, Општинската изборна комисија им издала решенија за извршениот избор на последните локални избори.

Член 5

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, може да оспори решенија издадени од Општинската изборна комисија, за избор на одделни членови на Советот и да предложи верификацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати на учесниците.

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања може да предложи одлагање на верификацијата на мандатот на одделен член на Советот, и заради тоа што:
- со сигурност не може да се утврди неговиот идентитет (исто име и презиме со други личности);
- постојат индиции за можна неспојливост на функцијата (вработен е во општинската администрација или презел функција или должност која со закон е утврдена како неспојлива со фунцијата член на совет);
- настапила фактичка неможност за верификација на мандатот под услови утврдени со закон (во случај на смрт, престанок на жителството во општината, правосилна пресуда за кривично дело или донесено решение за одземање на деловната способност).

Член 6

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања му поднесува извештај на Советот со предлог на кои членови на Советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.
Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот одделно по предлогот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, за верификација на мандатите на присутните членови на Советот.
Советот со мнозинство гласови на вкупниот број членови на Советот, одлучува за секој предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, за одлагањето на верификацијата на мандатот на членови на Советот.
Доколку предлогот за одлагање на верификацијата на мандатот не го добие потребното мнозинство се смета дека Советот, го верификувал мандатот на членот на Советот, чие одлагање се барало.
Одлагањето на верификацијата на одделни мандати по предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, не може да биде подолго од 2 месеца.
Член на Советот чиј мандат е оспорен или чија верификација е одложена, има право да присуствува на седница на Советот и да учествува во работата, без право на одлучување.

Член 7

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, на оние кои се избрани на изборите за замена, како и на оние чија верификација е одложена, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

### 1. Заеднички одредби

Член 8

Членот на Советот ги остварува правата и должностите утврдени со законот, Статутот и со овој деловник.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

Член 9

Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на Советот.
Повторната иницијатива за донесување на одлука се претресува на седница на Советот, заедно со мислењето на градоначалникот.
Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи градоначалникот да изготви и поднесе предлог на одлука.
За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот ќе го извести подносителот на иницијативата.

### 2. Предлог на одлука

Член 148
Градоначалникот и другите предлагачи своите предлози за уредување на определени прашања од надлежност на Советот ги поднесуваат, по правило, во форма на предлог на одлуки.
По исклучок Одлуката може да биде поднесена во форма на нацрт.
Статутот на општината и Буџетот на општината задолжително се поднесуваат во форма на нацрт и се донесуваат во две фази.

Член 149

Предлогот на одлуката ги содржи причините поради кои треба да се донесе одлуката, содржината на одлуката и образложение.

Член 150

Причините за донесување на одлуката ги содржат:

- правните основи по кои соодветните прашања можат да се уредуваат;
- целта што се сака да се постигне со уредувањето на односите на предложениот начин, како и последиците што ќе произлезат од предложените решенија, и
- финансиски средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на обезбедување на тие средства,

Член 151

Содржината на одлуката што се предлага да се донесе се изготвува во вид на правно формулирани одредби.

Член 152

Текстот на одлуката мора да биде образложен.

Образложението особено ги опфаќа: правните основи за уредување на односите содржани во одлуката; причините поради кои се донесува одлуката; оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со одлука и извршувањето на постојните прописи во таа област; финансиските средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на нивното обезбедување, дали спроведувањето на одлуката повлекува материјални обврски за граѓаните, стопанските и други субјекти, како и други околности што се од значење за прашањата што се уредуваат со одлуката.

Кон образложението на одлуката со која се вршат измени и дополнувања на постојна одлука, се приложуваат и одредбите на одлуката што се менува односно дополнува.

Член 153

Советот може, по предлог на членовите на Советот или од Комисијата за прописи да донесе заклучок дека заради тоа што со одлуката се уредува сложена или обемна материја, како и во други случаи кога ќе оцени дека е тоа потребно, поднесениот предлог да се претресува и утврди како нацрт.

По завршениот претрес, Советот со заклучок ги утврдува своите ставови и забелешки кон нацртот и му ги упатува на предлагачот, за да ги има предвид при изработката на предлогот на одлуката.

Со заклучокот, Советот може да определи и рок во кој предлагачот треба да го изготви и поднесе предлогот на одлуката до Советот.

Член 154

Предлагачот е должен во образложението на така изработен предлог посебно да ги наведе причините за неприфатените мислења и забелешки по нацртот.

Кон предлогот се поднесува и придружната документација за сложени и обемни прашања, а особено податоци за начинот на обезбедување на финансиските средства потребни за спроведување на одлуката.

**3. Претресување на одлука**

Член 155

Претресот на одлуката, на седницата на Советот, по правило е единствен, доколку Советот не одлучи да води претрес по делови, односно членови.

Член 156

Советот може да одлучи да води одделно претрес во начело заради изјаснување за причините и потребата од донесување на предложената одлука и претрес по содржината на одлуката.

Во текот на претресот за предлогот во начело можат да се изнесуваат мислења, да се бараат појаснувања и да се покренуваат други прашања во поглед на причините за донесување, правните основи и целисходноста на решенијата што се дадени во одлуката.

Член 157

Предлагачот на одлуката, односно неговиот претставник има право во текот на целиот претрес на одлуката да дава образложенија, појаснувања и да изнесува свои мислења.

Член 158

Градоначалникот, односно претставникот што тој го овластил може да учествува во текот на целиот претрес на одлуката на седницата на Советот и кога не е предлагач на одлуката.

Предлагачот може да го повлече предлогот на одлуката во секој момент се до заклучувањето на претресот.

**4. Амандмани**

Член 159

Аманмани се поднесуваат заради за измена или дополнување на решенијата содржани во предлогот на одлуката за која се води претрес на седницата на Советот.

Член 160

Амандманот се поднесува писмено.

Амандманот мора да биде образложен.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, подносителот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можностите за обезбедување на тие средства.

Член 161

Амандманот може, по правило, да се поднесе најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот на која ќе се претресува предлогот на одлука, а се поднесува преку претседателот на Советот.

Член 162

Претседателот на Советот веднаш им го доставува амандманот на сите членови на Советот и на Градоначалникот и кога тој не е предлагач на одлука.

Амандманот на предлогот на одлука, претседателот на Советот го доставува и на Комисијата за прописи, за да го проучи и на Советот да му достави извештај.

Член 163

Ако амандманот на предлогот на одлука содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства,

претседателот на Советот, амандманот веднаш ќе го достави и на комисијата во чиј делокруг спаѓаат прашањата на буџетот, за да го проучи влијанието на амандманот врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го извести Советот.

Член 164

Член на Советот може, по исклучок, да поднесе амандман на предлогот на одлуката на седница на Советот, во текот на претресот на тој предлог.

Амандманот се поднесува писмено и мора да биде образложен.

Член 165

Предлагачот на одлуката може да поднесува амандмани се до заклучувањето на претресот по предлогот на одлука.

Градоначалникот може да поднесува амандмани и на предлози на одлуки што не ги поднел тој и тоа се до заклучување на претресот по предлогот на одлуката.

Амандманот на предлагачот на одлуката и амандманот со кој тој се согласил, се сметаат за составен дел на предлогот на одлуката.

Член 166

Кога амандманот се поднесува во текот на претресот на предлог на одлука, претседателот на Советот ќе ја прекине седницата и ќе даде пауза за да можат подносителите да го изготват амандманот.

Член 167

Ако усвојувањето на амандманот би повлекувало побитни измени на текстот на предлогот на одлуката, за амандманот не може да се одлучи на седницата на Советот, додека надлежната комисија и Комисијата за прописи не му поднесат извештај за тој амандман.

Член 168

За амандманот се води посебен претрес на седница на Советот.

За амандманот има право да се изјасни предлагачот на одлука и известителот на комисијата која ја претресувала одлуката.

Градоначалникот има право да се изјаснува за амандманите и кога тој не го поднел предлогот на одлуката.

Член 169

По амандман на предлогот на одлуката, поднесен во текот на претресот на предлогот на одлуката, Советот може да одлучи претресот да се одложи и да продолжи на една од наредните седници или претресот да се прекине, додека надлежната комисија и Комисијата за прописи не го проучат амандманот.

Советот ќе го одложи претресот на предлогот на одлуката ако предлагачот на одлуката, Градоначалникот или надлежната комисија и Комисијата за прописи, побараат одлучувањето по амандманот да се одложи за да можат амандманот да го проучат и по него да се изјаснат.

Член 170

За амандманите се одлучува пред да се расправа по предлогот на одлука на која се однесува амандманот.

Член 171

Ако на ист член од предлогот на одлука се поднесени два или повеќе различни амандмани, за

амандманите се гласа според редот по кој се поднесени.

Член 172

Доколку со некој од амандманите се предлага бришење на одделен член од предлогот на одлука, прво се гласа за тој амандман и ако тој амандман биде усвоен, нема да се гласа за другите амандмани на тој член.

**5. Итна постапка за донесување на одлука**

Член 173

Одлука може да се донесе и по итна постапка на редовна или вонредна седница на Советот.
Предлогот на одлуката што се предлага да се донесе на итна седница може да се достави на самата седница.
По итна постапка може да се донесе само одлука со која се уредуваат такви прашања за чие уредување постои вистинска и неодложна потреба и ако одложувањето на уредувањето на тие прашања би имало поголеми штетни последици.

Член 174

Советот отвора расправа за оправданоста на предлогот да се донесе одлука по итна постапка.
Ако Советот го усвои предлогот одлуката да се донесе по итна постапка, се пристапува кон претрес по предлогот на одлуката.

Член 175

Советот може пред или во текот на претресот, да побара од Комисијата за прописи, итно да поднесе свое мислење и предлози по предлогот на одлуката.

Член 176

На предлогот на одлуката што се донесува по итна постапка секој член на Советот може да поднесува амандмани до заклучувањето на претресот.
Ако со усвојувањето на амандманот би биле предизвикани побитни измени во текстот на предлогот на одлуката, односно ако со амандманот се ангажираат финансиски средства, задолжително ќе се побара мислење од надлежната комисија за финансиски прашања и од Комисијата за прописи.
Комисијата за прописи и надлежната комисија за финансиски прашања се должни веднаш да го разгледаат амандманот и на Советот да му поднесат извештај.

**6. Јавна и стручна расправа по нацрти на прописи**

Член 177

Советот самостојно, на предлог на градоначалникот или кога е тоа предвидено со закон, ќе донесе заклучок за организирање јавна или стручна расправа по нацрт на одлуки и други општи акти за кои ќе се оцени дека се од особено значење за граѓаните на Општината.

Член 178

Кога ќе заклучи нацрт на одлука или друг акт да се стави на јавна и стручна расправа Советот ќе определи:

- нацртот на одлуката и другиот општ акт да се објават за да им бидат достапни на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- да се обезбеди собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени во

текот на расправата и
- да се изготви и достави до Советот извештај за резултатите од расправата.

За извршување на задачите од став 1 на овој член Советот може да формира посебно работно тело.
Ако нацртот на одлуката и друг општ акт што се ставаат на расправа ги поднел Градоначалникот, Советот може да заклучи задачите од став 1 на овој член да ги изврши Градоначалникот или работното тело што тој ќе го формира.

Член 179

Нацртот на одлуката и друг општ акт што се ставаат на расправа се објавуваат во дневните весници или како посебен сепарат.
Кон нацртот на одлуката и друг општ акт се објавува и повик до граѓаните и другите заинтересирани субјекти да достават свои мислења и предлози.
Во повикот се означува кому му се упатуваат мислењата и предлозите, како и рокот до кога тие можат да се упатуваат.
Рокот за расправа не може да биде покус од 30 дена.

Член 180

Извештајот за резултатите од расправата ги опфаќа мислењата и предлозите што биле изнесени во расправата.
Извештајот му се доставува на предлагачот на одлуката.
Откако ќе го прими извештајот за резултатите од расправата, предлагачот на одлуката ќе изготви предлог на одлука, при што ќе ги има предвид искажувањата изнесени на седницата на Советот по нацртот на одлуката и мислењата и предлозите што биле изнесени на расправата.
Кон предлогот на одлуката, до Советот се доставува и извештај за резултатите од расправата заедно со ставовите на предлагачот на одлуката по мислењата и предлозите искажани во расправата.

Член 181

Во организирањето и спроведувањето на јавната расправа се остварува соработка со месните заедници, односно други облици на месна самоуправа, а во организирањето и спроведувањето на стручната расправа со стручни организации и заедници, односно здруженија на граѓани.

## XI. ПРЕТРЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ, АНАЛИЗИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

Член 182

Претресот по анализите, извештаите и другите материјали во Советот, може да заврши со прост премин на наредната точка од утврдениот дневен ред на Советот, односно комисијата или со донесување заклучок.

## XII. ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТИ, ИЗВЕШТАИ И ГОДИШНИ СМЕТКИ

Член 183

Советот со решение одлучува за давање согласност или за отфрлање на барањето за давање согласност на статутот јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.
Доколку Советот не даде согласност ќе го задложи градоначалникот и субјектот кој бара согласност на статутот да извршат усогласување на статутот по прашањата кои биле причина да не се даде

бараната согласност.

Член 184

Статутите задолжително му се доставуваат на Градоначалникот заради давање мислење по нив, во рок од 30 дена од денот на приемот.

Член 185

На седницата на Советот на која се расправа за давање согласност на статутот на јавна служба, установа и претпријатие основано од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност се поканува и претставник на подносителот на статутот.

Член 186

Сатутот на кој е дадена согласност се применува од денот на донесувањето од надлежниот орган на јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.

## XIII. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Член 187

Градоначалникот има право и должност да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

Член 188

Градоначалникот може да определи свои претставници за седниците на Советот и комисиите.

Претставникот на Градоначалникот присуствува на седниците на Советот и комисиите и дава известувања и образложенија за предлогот на актот и за другите прашања кои се на дневен ред на седницата.

Член 189

Претседателот на Советот и претседателите на комисиите задолжително го известуваат Градоначалникот за закажаните седници.

## XIV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, УСТАНОВИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 190

Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала Општината, извештај за состојбите во определена област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти, што ги донел Советот во рамките на својата надлежност, како и за други задачи за кои се овластени од страна на Советот.

Советот може, со заклучок, да определи рок во кој јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, се должни да поднесат извештај.

Јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, можат и по сопствена иницијатива да го известуваат Советот за состојбата во соодветната област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти што ги донел Советот, како и за други прашања од својот делокруг.

Член 191

Советот и неговите комисии можат, во рамките на својот делокруг, да бараат јавните служби, установи и претпријатија:

- да проучат определено прашање од својот делокруг и за тоа да им поднесат извештај;
- да ги известат за состојбите и појавите од областа на својот делокруг;
- да ги известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Советот и за извршувањето на одлуките, другите прописи и општи акти и за одделни прашања од областа на својот делокруг;
- да изготват предлог на одлука, на друг пропис или општ акт од областа на својот делокруг и
- да им ги доставaт податоците со кои располагаат или што се должни во својот делокруг да ги собираат и евидентираат, како и списите и другите материјали потребни за работа на Советот и неговите работни тела.

Ако субјектот од став 1 на овој член смета дека не може да постапи по барањето на Советот и неговата комисија, ќе ги извести за тоа Советот, комисијата и Градоначалникот и ќе ги изнесе причините поради кои не може да го стори тоа.

Член 192

Советот и комисиите ги известуваат јавните служби, установи и претпријатија за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања кои се однесуваат од областа на нивниот делокруг, заради учество на нивни претставници на тие седници.

Член 193

Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на Советот, кога на тие седници се претресува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг.

На седниците на Советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни, по барање, да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат.

Член 194

Раководните лица се должни по барање од комисиите на Советот, да учествуваат во работата на нивните седници, кога се разгледува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на делокругот на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат.

Член 195

Ако раководното лице е спречено да учествува во работата на седницата на Советот или на работното тело може да определи во работата на седницата да учествува негов претставник.

## XV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Член 196

Меѓусебните односи на Советот со советите на други општини се остварува во рамките утврдени со закон, Статутот на Општината и овој деловник.

Советот соработува со советите на други општини и со нив развива меѓусебни односи во остварувањето на задачите од заеднички интерес, а особено во поглед на создавањето на што поповолни услови за остварување на правата на граѓаните.

Член 197

Советот може да соработува со советите на општините во постапката за подготвување на прописи и други акти од заеднички интерес, заради усогласување на ставовите и изнаоѓање на заеднички организациони и други решенија за вршење на надлежностите на општините.

Член 198

Соработката на Советот на Општината со советите на други општини се заснова врз начелата на рамноправност и координација во сите фази на подготвување и спроведување на прописите и другите општи акти од заеднички интерес.

Член 199

Соработката на Советот со советите на други општини, може да се врши размена на информативни, документациони и други материјали, со формирање на заеднички работни групи за проучување на одредени прашања од интерес за општините, како и други видови на меѓусебна соработка.

## XVI. ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СОВЕТОТ

Член 200

Стручните и другите работи за потребите на Советот и неговите комисии и за членовите на Советот ги врши општинската администрација.

Општинската администрација:

- учествува во подготвувањето на предлог програмата за работа на Советот,
- учествува во подготвувањето на седниците на Советот и на работните тела,
- учествува во подготвувањето на одлуки и други општи акти и други материјали,
- им дава стручна помош на членовите на Советот,
- врши информативно-документациони работи за потребите на Советот,
- обезбедува неопходни услови за работа на членовите на Советот и
- врши административно-технички и други работи за потребите на Советот и комисиите.

## XVII. ИЗМЕНА НА ДЕЛОВНИКОТ

Член 201

Иницијатива за измена на Деловникот може да поднесат членовите на Советот, комисиите, Градоначалникот и други субјекти.
По иницијативата за измена на Деловникот одлучува Советот.

Член 202

По прифаќањето на иницијативата за измена на Деловникот, Советот формира Комисија за деловник која изготвува нацрт на одлука за измена на Деловникот.
Нацртот на одлуката за измена на Деловникот ја утврдува Советот и со заклучок ја задолжува Комисијата за деловник да изготви предлог на одлука за измена на Деловникот, при што да ги има предвид мислењата и забелешките изнесени во расправата пред Советот и неговите работни тела.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 203

Со влегување во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на Советот на Општина Пехчево бр. 0701-18/1 од 23.03.1998 година.

Член 204

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Пехчево”.

Бр.01-354/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Деловник за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Деловник за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/10
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 159 став 1 од Законот за правда на децата (Сл.Весник на РМ бр.148/13 и Сл.Весник на РСМ бр.152/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**Одлука**
**за усвојување на Деловник за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Деловникот за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево.

**Член 2**

Деловникот за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Пехчево бр. 01-234/2 од 13.02.2024 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-362/1
15.03.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 148 став 1 од Законот за правда за децата ( „Службен весник на Република Македонија“ број 148/13 и „Службен весник на Репубика Северна Македонија“ број 152/19 и 275/19), Општинскиот совет за превенија на детско престапништво на Општина Пехчево на ден 13.02.2024 година донесе:

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Пехчево**

## I ОПШТИ ОДРДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдуваат начинот на работа на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво на Општина Пехчево ( во понатамошниот текст: Советот), согласно надлежностите на Советот утврдени со Законот за правда за децата.

## II ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ Н ДЕЛОВНИКОТ

**Член 2**

Деловникот на Советот се донесува на седница на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

## III НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 3**

Општинскиот совет:

- Донесува годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на општина Пехчево;
- Деловник за својата работа;
- На подрачјето на општината, вршат работи за следење на состојбите;
- Покренуваат иницјативи за нивното подобрување;
- Развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на децата сторители на кривични дела и прекршоци;

**Член 4**

Годишната програма се донесува и поднесува на усвојување на Советот на Општина Пехчево најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

**Член 5**

За својата работа Општинскиот совет за превенција од детско престапништво го известува Советот на општината и Државниот совет за превенција на дестко престапништво на секои шест месеци, со тоа што извештајот за првата половина од тековната година се доставува најкасно ндо 30 јули тековната година, а за втората половина од годината најкасно до 31 јануари наредната година.

## IV ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 6**

(1) Претседателот на Советот:

- Го претставува и раководи со работата на Советот;
- Свикува седници на Советот и со нив претседава;
- Учествува во работата и одлучувањето на Советот;
- Ги формулира предлозите дадени на седницата, како и заклучоците/ одлуките по одделни точки од дневниот ред;
- Презема мерки за спроведување на заклучоците/одлуките донесени од страна на Советот;
- Ги потпишува актите што ги донесува Советот и се грижи за нивното спроведување;
- Се грижи за спроведување на овој деловик; и
- Врши други работи определениод Советот.

(2) Претседателот на Советот, во негово отуство, го заменува член на Советот што го определува претседателот на Советот.

(3) Советот на предлог на претседателот избира секретар кој ги врши стручно – административните работи со работата на Советот и нема право на глас при одлучувањето.

**Член 7**

(1) Членовите на Советот:

- Учествуваат во работата и одлучувањето по прашањата што се ставени на дневнот ред на седницата на Советот;
- Даваат иницјативи, предлози, мислења и утврдуваат насоки и ставови по прашања од надлежност на Советот;
- Го запознаваат Советот со ставот на органите што ги претставуваат;
- Обзбедуваат реализација на заклучоците;
- Одговорно, законито и совесно ги извршуваат работите од надлежност на Советот;
- Го спроведуваат овој Деловник, и
- Вршат други работи определени од Советот.

(2) Членовите се должни да присуствуваат на седниците на Советот;

(3) Член може од определени причини да отсуствува од работата на седницата и во тој случај е должен за тоа да го извести претседателот или секретарот на Советот;

(4) За својата работа, претседателот, членовите и скретарот на Советот не добиваат надоместок.

**Член 8**

(1) На член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на кој му прстанал мандатот или работниот ангажман во институцијата или организацијата од каде што е предложен, по добиено известување веднаш се покренува постапка за негово разрешување и именување на нов член од соодветната институција или организација.

(2) Институцијата односно организацијта од која бил предложен кандидатот е должна веднаш да го извести Општинскиот совет за превенција од детско престапништво а постоење на причината од став (1) од овој член и да достави предлог за именување на нов член.

(3) Постапка за разрешување и именување на член се врши на начин како при нивното прво именување.

**Член 9**

(1) Мандатот на член на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво престанува пред истекот на времето за кое е избран: по лично барање, ако комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината утврди предлог за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво, поради неоправдано отсуство на три седници едноподруго или повеќе од пет седници во текот на годината, врз основа на предлогот што го донел Општинскиот совет за превнциј о детско престапништво со мнозинство гласови и ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.

(2) Исполнувањето на условите од ставот еден од овој член ги утврдува Општинкиот совет за превенција од детско претстапништво со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницјатива за престанок на мандатот до Советот на општината.

**Член 10**

Претседателот, членовите на Советот, секретарот, стручните и другите лица кои се поканети да учествуваат во работата на Советот се должни информациите и податоците до кои ќе дојдат во текот на работата на Советот да ги чуваат согласно Законот за класифицирани информации.

## V НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА СОВЕТОТ

**Седница на Советот**

**Член 11**

(1) За прашања од својата надлежност Советот работи на седница;
(2) Советот по правило одржува седница најмалку еднаш во текот на месецот;
(3) Седниците на Советот по правило се отворени за јавноста;
(4) По исклучок, доколку Советот расправа за прашања за кои оцени дека имаат доверлив карактер , или пршања кои би преизвикале несоодветно дејство кон одредена категорија деца, Советот може да одлучи седницата да биде затворена за јавноста;
(5) За работата и одлуките од седниците на Советот јавноста редовно се информира преку соопштенија и прес конференции од страна на претседателот на Советот или за тоа овластен член од Советот

**Член 12**

(1) Седниците ги закажува и со нив раководи претседателот на Советот;
(2) Седница на Советот се закажува и по барање на член на Советот, упатено во писмена или електронска форма до претседателот;
(3) Во случај на отсуство на претседателот на Советот, по потреба, седницата ја закажува член на Советот што го определува претседателот на Советот;
(4) Предлог дневниот ред со потребните материјали за расправа, предлог одлуките, по правило се доставуваат најмалку три дена пред одржувањето на седницата на Советот во електронска и писмена форма;
(5) Претседателот на Советот е должен да свика вонредна седница на советот на предлог од најмалку една третина од членовите на Советот, а во рок од пет дена од поднесувањето на предлогот. Доколку не ја свика седницата членовите на советот самоиницјативно ја закажуваат и одржуваат седницата првиот нареден ден по истекот на рокот и со седницата раководи најстариот по возраст член;

**Член 13**

Седницата ја отвара претседателот на Советот, при што по евиденција на присуството на членовите на Советот, претседателот на Советот пристапува кон утврдување на дневниот ред и усвојување на записникот од претходната седница.

**Член 14**

Советот може по исклучок и итни случаи да одлучува и без одржување на седница во согласност со сите членови на Советот, со примена на средства за електронска комуникација кои обезбедуваат одржување на седницата без заедничко физичко присуство на членовите на Советот.

**Член 15**

При утврдување на дневниот ред можат да се внесат и прашања предложени непосредно пред одржување на седницата или на самата седница, ако се од итен карактер и за кои не е потребна подготовка.

**Член 16**

(1) Советот работи и одлучува ако на седницата присуствуваат мнозинството од членовите;
(2) Советот одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови;
(3) Гласањето се врши така што присутните членови се изјаснуваат со „за“ или „против“ предлогот. Ако има повеќе предлози, прво се гласа за предлогот на предлагачот, а потоа за другите предлози, како што биле предложени на седницата или по логичен редослед.

**Член 17**

(1) На седница на Советот може да се повикуваат да присуствуваат петставниците од институциите и стручни лица, заради давање придонес во расправата и за разрешувањето на дилеми околу одредено прашање, кое што е предмет на расправа на Советот.
(2) На Седница на Советот можат да се повикуваат и претставници на домашни и меѓународни невладини организации кои работат на промоција и заштита на правата на децата.

**Член 18**

(1) По завршувањето на расправата по секоја од точките од дневниот ред, Советот усвојува заклучоци/одлуки;

(2) Заклучоците/одлуките од став (1) на овој член ги формулира претседателот на Советот.

**Член 19**

(1) За текот на седницата на Советот, секретарот води Записник. Записникот ги содржи: времето и местото на одржување на седницата, имињата на присутните членови на Советот, дискусијата по дневниот ред и донесените заклучоци/одлуки.

(2) На првата наредна седница Советот ги разгледува и усвојува записникот;

(3) Членовите имаат право да дадат забелешка на записникот, доколку сметаат дека не се добро интерпретирани нивните ставови или доколку сакаат да го дополонат за одредени прашања што метаат дека не се доволно застапени;

(4) Усвоениот записник го потпишуваат претседателот на Советот и секретарот.

**Член 20**

(1) Советот може да формира работни групи за изработка на материјали за прашања од надлежност на Советот.

**VI ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 21**

Програмата на општинскиот совет се финансира врз основа на финансиски план од буџетот на Општина Пехчево и од други средства/донации и грантови.

**VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

Изменувањето и дополнувањто на овој Деловник ќе се врши на начин и постапка според кои и се донесува.

**Член 23**

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување од Советот.

01-234/2
13.02.2024 година
Пехчево

Претседател
Елица Јовевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програма со акциски план за спроведување на активности за превенција на детско престапништво за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма со акциски план за спроведување на активности за превенција на детско престапништво за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/11 | Градоначалник на
15.03.2024 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 159 став 1 од Законот за правда на децата (Сл.Весник на РМ бр.148/13 и Сл.Весник на РСМ бр.152/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програма со акциски план за спроведување на активности за превенција на детско престапништво за 2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата со акциски план за спроведување на активности за превенција на детско престапништво за 2024 година.

**Член 2**

Програмата со акцискиот план за спроведување на активности за превенција на детско престапништво за 2024 година бр. 01-233/2 од 13.02.2024 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-363/1 | Совет на општина Пехчево
15.03.2024 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

# ПРОГРАМА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ЗА 2024 ГОДИНА

Државен совет за превенција
на детско престапништво

Јануари, 2024

## 1. ВОВЕД

Младите сметаат дека како општество мора да ги поддржиме семејствата со цел да го превенираме насилството, бидејќи како што велат, многу од работите со кои тие се соочуваат понатаму во животот, потекнуваат од тие четири ѕида во домот. Кога и тие се замислуваат како родители, мислат дека би сакале да имаат достапни центри за поддршка, обезбедени за возрасните на работното место, каде што ќе следат обуки за тоа како да се биде подобар родител, бидејќи како и се друго, и родителството се учи.

Не секогаш се чувствуваат заштитено и не секогаш веруваат дека возрасните се тука да ги ислушаат, да ги поддржат и да ги земат нивните мислења и предлози предвид. Младите сметаат дека особено во училиштето возрасните треба со нив да изградат однос на доверба и отворена комуникација, со што ќе им дадат до знаење дека може да се чувствуваат сигурни да ги споделат своите грижи, стравови и предизвици. Кога се несигурни, тие би сакале да можат да му пристапат на психологот во училиштето и да разговараат на теми од нивни интерес, наспроти тоа да бидат стигматизирани и испраќани по казна на разговор кај психологот. Во рамки на училиштето би сакале да имаат механизми за справување со насилна комуникација и алатка преку која ќе можат да ги пријават своите проблеми, без страв од евентуални последици.

Кога ќе се сретнат со појавата на насилство надвор од училиштето, младите велат дека ретко веруваат дека нешто ќе се преземе доколку пријават, стравувајќи за последиците по нив од страна на насилникот. Кога ќе се сретнат со лица од социјалниот и правосудниот сектор, тие сакаат пред се, возрасните да направат се за да ги заштитат, согласно нивниот најдобар интерес, наспроти тоа да ги препраќаат децата од една во друга институција.

Децата и младите сакаат да знаат дека возрасните ќе направат се во нивната моќ за да го превенираат насилството, да ги поддржат во процесот на градење на нивната отпорност и да им обезбедат соодветна поддршка во случаите кога ќе бидат соочени со некоја траума. Оттаму, сакаат овие мерки и активности да не останат само на хартија, туку да се спроведат со цел да се стави крај на насилството врз децата.

Иднината на секое општество зависи од неговата способност да го негува здравјето и благосостојбата на следната генерација деца. Денешните деца се утрешни возрасни, работници и родители. Доколку не успееме да им обезбедиме на децата сигурно и безбедно општество како здрава основа за продуктивен и плоден живот, истовремено ја загрозуваме иднината, просперитетот и безбедноста на нашето општество. Сите ние како возрасни лица имаме лична одговорност за намалување на насилството врз децата и обезбедување поддршка и заштита на сите деца во нивните семејства и заедници.

Заштитата на децата од насилство претставува едно од основните права на секое дете. За жал, насилството останува да биде сериозна реалност за милиони деца во светот, оставајќи долгорочни последици врз нивниот развој, здравје и благосостојба. Конвенцијата за правата на детето (КПД) претставува еден од највлијателните меѓународни инструменти во превенција и заштита на од насилството, поаѓајќи од најдобриот интерес на детето. КПД имаше клучно значење поголем број земји да пристапат кон примена на различни мерки и активности за превенција и заштита на децата од насилство, вклучувајќи ја и забраната за користење на физичкото казнување на децата.[1]

Кога станува збор за насилството врз децата мошне тешко е да се дефинира вистинскиот обем на проблемот, првенствено поради недоволното пријавување на случаите на децата жртви. Сепак, истражувањата спроведени во светот и кај нас покажуваат дека многу деца непотребно и тивко страдаат од насилство. Насилството се случува во домот и во заедницата и често останува нерегистрирано од страна на институциите одговорни за заштита на децата. Во Република Северна Македонија заштитата на децата од насилство во последните 15 години е ставено како приоритет на кој континуирано и систематски се работи преку подобрување на политиките, законската рамка и низа мерки и активности за унапредување на системот за превенција и заштита на на децата од насилство. Покрај вложувањето во мерките за заштита на децата од насилство преку законските измени и развивање на програми и услуги, преземени во изминатиот период, во иднина неопходно е да се стави поголем акцент на превентивните програми активности и засновани на докази.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИ

- ***Дете* –** Дете е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на живот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето полнолетството не се добва порано.
- ***Негативни искуства во детството* –** Под негативни искуства во детството се подразбираат: физичка, емоционална и сексуална злоупотеба, физичко и емоционално занемарување, насилство во семејството, проблеми со менталното здравје, депресија суицидалност кај родителите/старателите, алкохолизам и/или зависност кај родителите/старателите, член на семејството во затвор, развод на родителите/старателите.
- ***Насилство врз децата* –** сите видови на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемерување или немарен однос, малтретирање или експлоатација на дете, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба, во однос на доверба и грижа од страна на родителите, старателите или некое друго лице на кое законски му е доверена грижата за детето.

---

[1] United Nations. (1989). Convention on the Rights of the Child.

- ***Злоупотреба и занемарување на децата –*** се дефинира како која било форма на физичка и/или емоционална злоупотреба, сексуална злоупотреба, занемарување или занемарувачки третман или комерцијална или друг вид експлоатација, што потенцијално или реално предизвикува закани или штети по здравјето на детето, опстанокот, развојот или дигнитетот, во контекст на меѓусебен однос на одговорнот, доверба или моќ.
- ***Физичка злоупотреба –*** се дефинира како намерна употреба на физичка сила против детето, која предизвикува повреда или пак постои веројатност да му наштети на етското здравје, опстанок, развој или дигнитет. Тоа вклучува: удирање, тепање, клоцање, тресење, касање, давење, попарување, горење, труење и задушување.
- ***Телесно казнување –*** се дефинира како „Употеба на физичка сила со намера да се предизвика болка кај детето, но не и повреда, со цел корегирање или контролирање на однесувањето на детето".
- ***Емоционална или психолошка злоупотреба –*** ги вклучува подеднакво изолираните случаи, како и случаи кога родителот/старателот во континуитет не обезбедува опкружување соодветно на развојот на детето и негова поддршка.
- ***Занемерување –*** подразбира пропусти на родителот/старателот да обезбеди услови за соодветен развој и благосостојба на детето,кога родителот/ старателот е во состојба тоа да го стори.
- ***Семејно насилство –*** се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сиурноста, телесно повредување полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејтвија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство.
- ***Експлоатација –*** под експолатација на дете се подразбира секој вид комерцијално и/или друг вид искористување на детето за какв било вид корист на други индивидуи: користење на детето за работа, проституирање, користење на детето за порногравски претстави или снимање на порногравски материјал, киднапирање деца со цел сексуално искористување или пак нивна проджба.
- ***Злоупотреба на детски труд –*** се подразбира оној труд кој ментално психички, социјало и морално е штетен за детето, влијае на образовниот процес на детето на тој начин што го оневозможува одењето на училиште, го обврзува детето да го напушти училиштето пред време или го принудува етето да го посветува училиштето под многу тешки околности, вклучувајќи најлоши можни облици на детски труд.
- ***Врсничко насилство –*** булинг претставува постојана и намерна злоупотреба на моќ во односите помеѓу врсниците преку повторувачко вербално, физичко и/или социјално агресивно однесување кое има намера да предизвика физички, социјални и /или психолошки повредувања.
- ***Насилство од интимен партнер –*** се однесува на: „какво било однесување во рамки на интимна врска што предизвиква физичка, психичка или сексуална повреда на лицата во таа врска и ги вклучува следниве однесувања: физичка агресија, психичко насилство, принуда на сексуален чин или други форми на сексуална злоупотреба.
- ***Адолесцентно партнерско насилство во врска –*** претставува „кое било однесување кое му нанесува штета на развојот или здравјето на партнерот, преку загрозување на нејзиниот или неговиот физички, психолошки или сексуален интегритет".
- ***Принуден или детски брак –*** претставува принуда врз детето да стапи во брак или насилно носење на детето во друга земја за да стапи во брак или насилно носење на детето во друга земја за да стапи во брак.
- ***Родово засновано насилство –*** над детето претставува секој чин на насилство над детето поради родот, полот или сексуалната ориентација, а може да вклучи родови предрасуди и дискриминација, сексуално вознемирување, насилство во партнерски релации и други форми на физичко, психолошко или сексуално насилство засновано на род.

3. **НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО**

- Законот за правда за деца;
- Законот за заштита на децата;
- Законот за семејство;
- Законот за основно образование;
- Законот за средно образование;
- Законот за здравствена заштита;
- Законот за здравствено осигурување;
- Законот за евиденции во областа на здравството;
- Кривичниот законик;
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство;
- Законот за работни односи;
- Законот за спречување и заштита од дискриминација;

## 4. ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

**Стратешка цел 1: Унапреден и зголемен капацитет на службите и институциите за заштита и поддршка на сите деца од насилство, во рамки на здравствениот, социјалниот, образовниот, полицискиот, правосудниот систем во соработка со родителите**

| Активност | Очекувани резултати | Период за спроведување на активноста | Одговорна институција | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| Иницирање на родителски патроли во соработка со полициски службеници по пунктови/жаришта и места каде има поголем број на малолетници | Реализирани 6 родителски патроли во соработка со полициски службеници по лоцирани пунктови/жаришта каде има поголем број на малолетници и подигната јавната свест кај малолетниците за нивното однесување во затворен и отворен простор во поголеми групи | Месец февруари, мај, јуни, јули, август и декември | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавната установа Центар за социјална работа - Берово, Канцеларија за матријални давања – Пехчево<br><br>Општина Пехчео | 0 денари |
| Спроведување на | Спроведено 1 | Месец октмври | Биро за јавна | 3.000,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| едукативно предавање и работилница за штетното влијание на дрогата, алкохолот и цигарите врз развојот на младите | предавање на тема „Штетното влијание на дрогата, алкохолот и цигарите врз развојот на младите кај учениците од 6,7,8,9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ Педпехчево | | безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавната установа Центар за социјална работа - Берово, Канцеларија за матријални давања – Пехчево<br><br>ЈЗУ „Д-р Иван Георгиев“ - Пехчево<br><br>Општина Пехчео | |
| **Стратешка цел 2: Зајакната отпорност на семејства преку позитивни родителски практики и вештини** | | | | |
| Спроведување на превентивни програми за спречување на рани, договорни и присилни бракови кај сите семејства особено кај ромската популација | Спроведени 2 обуки за спречување на договорни и присилни бракови кај учениците од 8 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и<br><br>поподрачното училиште во село Црник | Месец април<br><br>Месец мај | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавната установа Центар за социјална работа - Берово, Канцеларија за матријални давања – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево<br><br>Општина Пехчео | 3.000,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3: Зајакнати вештини за справување со конфликти и ненасилна комуникација и отпорност кон негативни искуства од детството кај децата** | | | | |
| Едукација преку предавање и работилница за ненасилна комуникација, препознавање на сите видови на насилство, со посебен акцент на булинг кај децата во ООУ „Ванчо Китанов“' - Пехчево | Спроведена 1 обука со работилница кај децата од 7,8 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Месец фвруари/ март | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавната установа Центар за социјална работа - Берово, Канцеларија за матријални давања – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево<br><br>Општина Пехчео | 0 денари |
| Едукација за жртви на трговија со деца | Спроведена 1 обука со работилница за учениците од 7,8 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Месец април | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавната установа Центар за социјална работа - Берово, Канцеларија за матријални давања – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево<br><br>Општина Пехчео | 3.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | | **9.000,00 денари** |

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Иднината на секое општество зависи од неговата способност да го негува здравјето и благосотојба на следната генерација деца. Денешните деца се утрешни возрасни, работници и родители. Доколку не успееме да им обезбедиме на децата сигурно и безбедно општество како здрава основа за продуктивен и плоден живот, истовремено ја загрозуваме иднината, просперитетот и безбедноста на нашето општество. Сите ние како возрасни лица имаме лична одговорност за намалување на насилство врз децата и обезбедување поддршка и заштита на сите деца во нивните семејства и заедници.

Број: 01-233/2
Датум: 13.02.2024 година
Пехчево

Претседател
Елица Јовевска с.р

Изработил:
Помлад соработник во ЛЕР Елица Јовевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево од 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/12
15.03.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува дванаесетмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период 01.01.2023 до 31.12.2023 год.

**Член 2**

| | Обновување на приклучок и промена на механизам на водомер | 2.950 ден |
| 12.09.2023 | Метење на плоштад и тротоари околу плоштад | |
| | Расчистување на депонија | |
| | Чистење на водомери | |
| | Обновување на приклучок-Весна Каракашова | 2.360 ден |
| 13.09.2023 | Сечење на асфалт | |
| | Работа со ЈЦБ 0.5 часа-Весна Каракашова | 1.770 ден |
| | Работна рака*2 четири часа-Весна Каракашова | 3.776 ден |
| 14.09.2023 | Работа со ЈЦБ- поставување на пропусен канал 2 ден | |
| | Отклонување на дефект на филтер станица | |
| | Косење на градски гробишта | |
| | Носење на земја со трактор и пополнување на канал 2ден | |
| 15.09.2023 | Отклонување на дефект на филтер станица | |
| | Поставување на капак на шахта на главна канализациона мрежа кај Благој Чбковски | |
| | Исфрлање на ѓубре со трактор | |
| 17.09.2023 | Работа со ЈЦБ на Равна Река- расчистување на пат | |
| 18.09.2023 | Дислокација на водомер кај Владо Атанасов 2 часа р.рака | 944 ден |
| | Работа со ЈЦБ- поставување на пропусен канал 3ти ден | |
| | Носење на земја со трактор и пополнување на канал 3ти ден | |
| | Чистење и метење на улици на град Пехчево | |
| 19.09.2023 | Метење на плоштад и ул.„Јулија Веселинска“ | |
| | Промена на капак на вентил пред водомер кај Ставров Спиро 1 час, р.рака*2 | 944 ден |
| | Расчистување на плац со ЈЦБ-1час | 3.540 ден |
| 20.09.2023 | Метење на плоштад и тротоари | |
| | Перење и перхлорирање на резервоари во Пехчево | |
| | Промена на вентил на главна водоводна мрежа спроти Фагус вентил Ф80 | |
| | Отклонување на дефект кај Цековски Ѓорѓи 1 час р.рака | 472 ден |
| | Метење на плоштад и тротоари | |
| | Отклонување на дефект пред водомер кај Оптима 1час+ р.рака за двајца | 944 ден |
| 21.09.2023 | Метење на плоштад и тротоари | |
| | Вадење на бетонска плоча кај школото-0,5 часа | 1.770 ден |
| | Пополнување на канал кај месноста Суви Дол | |
| | Расчистување на депонија со ЈЦБ | |

| | | |
|---|---|---|
| | Работа на игралиште во с.Чифлик | |
| 22.09.2023 | Исфрлање на градско ѓубре со трактор | |
| | Достава на фактури (физички лица ) | |
| | Одзатнување на канализација главна мрежа кај Сузана Лазарова | 3.600 ден |
| | Чистење на захфат на Пехчевска река | |
| 25.09.2023 | Метење на тротоари и плоштад | |
| | Достава на фактури | |
| | Достава на фактури во с.Панчарево | |
| | Пополнување на канал со земја каде месноста Суви Дол | |
| | Носење на земја со трактор за пополнување на каналот | |
| | Читање на водомери | |
| 26.09.2023 | Чистење и метење на тротоари | |
| | Достава на фактури | |
| | Одзатнување на канализација главен колектор хотел Гогов | |
| | Отклонување на дефект на главна водоводна мрежа каде Ванчо Димевски | |
| 27.09.2023 | Метење на тротоари и улици | |
| | Достава на фактури | |
| | Отклонување на дефект на водоводна мрежа кај Ванчо Димевски (пукнат абоар) | |
| | Пополнување на канал на Суви Дол-ЈЦБ+трактор | |
| | Работа со ЈЦБ кај месноста Суви Дол поставување на пропусен канал, проширување на кривината за побезбеден сообраќај и потрупување | 108.088 ден |
| | Санирање на штета после обилни врнежи кај месноста Лаловец истурени над 50 приколки со земја | 85.668 ден |
| | Косење трева на кеј | |
| 28.09.2023 | Метење | |
| | Читање на месечни водомери(правни лица) | |
| | Чистење на канал за вода кај Андрејчо Баблков работилница 8 часа | |
| | Исфрлање на ѓубре со трактор после чистење на канал | |
| 29.09.2023 | Метење на плоштад | |
| | Исфрлање на ѓубре со трактор | |
| | Отклонување на дефект на вода кај Јане Постоловски промена на абоар, р.рака 1 час за двајца | 944 ден |
| | Расчистување на депонијата | |
| | Читање на водомери ул.,,ЈулијаВеселинска“и „Даме груев“ | |
| **02.10.2023** | Метење на тротоари и улици на град Пехчево | |
| | Читање на водомери ул.,,Илинденска“ | |
| | Работа со ЈЦБ ископ на земја кај Мадешов Љупчо 2,6 часа | 9.204 ден |
| | Чистење на захфат на Пехчевска река | |
| | Исфрлање на земја со трактор од ископ кај Мадешов Љупчо 11 приколки | 7.788 ден |

| | | |
|---|---|---|
| 03.10.2023 | Читање на водомери | |
| | Исфрлање ѓубре | |
| | Заварување на клип на ЈЦБ | |
| 04.10.2023 | Достава на фактури | |
| | Читање на водомери | |
| | Санирање на дефект на водоводна мрежа (Ал Дарив) | 7.600 ден |
| | Исфрлање на ѓубре | |
| 05.10.2023 | Читање водомери | |
| | Поставување шахта за хидрант | |
| 06.10.2023 | Поставување на водомер на филтер станицата | |
| | Читање на водомери | |
| | Работа со ЈЦБ-Равна Река | |
| 09.10.2023 | Достава на Фактури | |
| | Работа со ЈЦБ-Равна Река | |
| | Чистење на Градски гробишта | |
| 10.10.2023 | Достава на фактури | |
| | Работа со ЈЦБ-Равна Река | 56. 640 ден |
| | Санирање на дефект во с.Негрево-водоводна мрежа | |
| 12.10.2023 | Читање водомери | |
| | Одзатнување на канализација 2 часа, работна рака за двајца | 944 ден |
| | Санирање на дефект каде Николчо Спасевски | |
| | Исфрлање на ѓубре | |
| 13.10.2023 | Достава на фактури | |
| | Читање на водомери | |
| | Работа со ЈЦБ+Трактор-Равна Река | |
| | Промена на стакло+работна рака,гумица; гумица+р.рака | 772 ден |
| 16.10.2023 | Чистење на водомери | |
| | Капак за шахта на хидрант | |
| | Метење и чистење-плоштад | |
| 17.10.2023 | Одзатнување на канализација и реконструкција на ул.„Буковик“- работа со ЈЦБ на замена на старите цевка со нови поголеми | |
| 18.10.2023 | Реконструкција на канализација, продолжување од претходниот ден | |
| 19.10.2023 | Санирање на дефект во с.Умлена | |
| | Чистење на водомери | |
| 20.10.2023 | Санирање на дефект-водоводна мрежа | |
| | Чистење на водомери | |
| | Петровски Бошко три гумици+работна рака | 209 ден |
| | Колевски Драган гумица+работна рака | 159 ден |
| 24.10.2023 | Работа со хилта | 1.500 ден |
| | Реконструкција на канализација на улица „18 Август“ | |
| 25.10.2023 | Промена на механизам | 1.652 ден |

| | | |
|---|---|---|
| | Обновување на приклучок+поставување на нов водомер | 5.360 ден |
| | Реконструкција на канализација на улица „18 Август“ | |
| 26.10.2023 | Достава фактури | |
| | Метење на централно градско подрчје | |
| | Реконструкција на канализација на улица „18 Август“ | |
| | Средување на дрва-„Комуналец“ | |
| 27.10.2023 | Реконструкција на канализација на улица „18 Август“ | |
| 30.10.2023 | Работа со ЈЦБ- Винер Бергер | 14.160 ден |
| | Читање месечни водомери | |
| | Реконструкција на канализација на улица „18 Август“ | |
| | Достава фактури | |
| 31.10.2023 | Поставување цевки и шахти за канализација улица ,'18 Август“ | |
| 01,02,03. 11.2023 | Поставување цевки и шахти за канализација- улица ,'18 Август“,тампонирање+тампонирање на местото наречено Св.Петка што води од село Чифлик кон село Умлена | 94.400 ден |
| 06,07, 11.2023 | Бетонирање на дното од шахтите, и порамнување на тампон за санирање на ископот | |
| 08.11.2023 | Расчистување на градска депонија | |
| | Промена на водомер | 590 ден |
| | Порамнување на тампон за санирање на ископ после канализација | |
| | Метење на улици | |
| 09.11.2023 | Чистење на водомери | |
| 10.11.2023 | Читање на водомеи во с.Негрево | |
| | Порамнување на пат-захфат на Пехчевска  река | |
| 13.11.2023 | Промена на стакло и гумица на водомер каде Бранко Јангелов | 413+250 ден |
| | Обележување на гробни места | |
| | Промена на испусен вентил-Нова Населба | |
| 14.11.2023 | Чистење на водомери | |
| | Гумица+работна рака-Павле Гиздов | 109 ден |
| | Дополнување со земја-пропуст Равна Река | |
| | Чистење на градски тоалети | |
| 15.11.2023 | Поставување на бетонски капаци на шахти за канализација | |
| | Чистење на водомери | |
| | Средување на дрва-„Комуналец“ | |
| 16.11.2023 | Одзатнување на главен колектор канализација-позади хотел Гогов | |
| | Сечење на дрва-плац „Комуналец“ | |
| | Чистење на градски гробишта | |
| | Метење на плоштад | |
| 17.11.2023 | Достава фактури во с.Негрево | |
| | Чистење на градски гробишта | |
| 20.11.2023 | Ископ на земја со ЈЦБ+трактор -Градинка | 16. 992 ден |
| | Средување на дрва | |

| | | |
|---|---|---|
| | Проверка на контејнери во с.Црник | |
| 21.11.2023 | Бетонирање капак на шахта за канализација | |
| | Проширување на пропуст во с.Умлена | |
| | Поставување на поголеми бетонски цевки-Равна Река | |
| 22.11.2023 | Чистење на градски гробишта | |
| | Средување на дрва | |
| | Поставување на поголеми бетонски пропусти за собирање на вода-Равна Река | |
| 23.11.2023 | Поставување на поголеми бетонски пропусти за собирање на вода-Равна Река | |
| | Редење на дрва | |
| | Чистење на градски гробишта | |
| 24.11.2023 | Обновување на приклучок- Јован Кацарски | 2.300 ден |
| | Промена на стакло на водомер+ гумица-Илија Ангеловски | 660 ден |
| | Редење на дрва | |
| 27.11.2023 | Чистење на улици и посипување песок и сол | |
| 28.11.2023 | Чистење на улици и посипување песок и сол | |
| 29.11.2023 | Расчистување на градска депонија | |
| | Кастрење на гранки пат до с.Црник | |
| | Менење на уље на ЈЦБ | |
| 30.11.2023 | Читање на Месечни водомери | |
| | Достава на фактури | |
| 01.12.2023 | Достава на фактури во с.Панчарево | |
| | Тампонирање на место наречено св.Петка-Умлена | |
| 04.12.2023 | Поправка на врата на резервоар во Пехчево | |
| | Редење на дрва | |
| | Читање на водомер | |
| 05.12.2023 | Чистење на захфат | |
| | Достава на фактури-правни лица | |
| | Расчистување на плац приватен ЈЦБ+трактор-Кота М | |
| 06.12.2023 | Расчистување на плац приватен ЈЦБ+трактор-Кота М | 24.780 ден |
| 07.12.2023 | Чистење на каналетки | |
| | Проверка на состојби на водомери по најава на корисници | |
| | Чистење на ул. „Јулија Веселинска“ | |
| 13-14 12.2023 | Новогодишно украсување | Фактурирано во 2024 |
| | Закопување на угинато животно | |
| | Редење на дрва, достава на фактури | |
| 15.12.2023 | Расчистување на депонија | |
| | Чистење на снег | |
| | Посипување на песок и сол | |
| | Чистење на градски пазар | |

| | | |
|---|---|---|
| 18.12.2023 | Посипување на песок и сол на критични места | |
| | Чистење на пат кон Св. Петка | |
| | Чистење на снег и посипување на песок и сол на критични места по договор за Зимско одржување | 168.722 ден |
| | Расчистување на паднати дрва | |
| 19.12.2023 | Чистење на гранки од брички-булевар „Равен“ | |
| | Отклонување на дефект главна водоводна мрежа-Макпетрол | |
| | Вадење на водомер за баждирање-ресторант Викторија | |
| 20.12.2023 | Одзатнување на канализација-Фагус 1час р.рака*3 | 1.416 ден |
| | Чистење на гранки од брички-булевар „Равен“ | |
| | Чистење на снег | |
| 21.12.2023 | Чистење снег и посипување песок и сол | |
| 22.12.2023 | Промена на механизам Бранко Каракостов | 699 ден |
| | Расчистување на лед „Јулија Веселинска“, „Гоце Делчев“ | |
| | Редење на дрва | |
| 25.12.2023 | Работа со ЈЦБ-Благој Јовевски | |
| | Исфрлање на паднати гранки | |
| | Чистење на плац Комуналец | |
| 26.12.2023 | Отклонување на дефект во с.Чифлик-главна водоводна мрежа | |
| 27.12.2023 | Одзатнување на канализација-градски паркинг-испомош „Услуга“-Берово | |
| 28.12.2023 | Перење на градски паркинг после одзатнување на канализација | |
| | Чистење на водомери по најава | |
| | Дислокација на водомер-Ванчо Стаматов | 944 ден |
| 29.12.2023 | Читање месечни водомерии | |
| | Метење на плоштад | |
| | Чистење на пат кон Равна Река,ЈЦБ+трактор, сечење на паднати дрва | |
| | Собирање и закопување на угинати животни | 31.500 ден |

ЈКП Комуналец Пехчево

ВД Директор

Драгана Вазлиска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 25-та седница одржана на ден 15.03.2024 година.

Бр. 09-376/15 Градоначалник на
15.03.2024 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.03.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2023/2024 година бр.01-66/1 од 29.02.2024 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-367/1 Совет на општина Пехчево
15.03.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работа на**
***ООУ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО***

за

учебната 2023/2024 година



**Пехчево**

**Јануари 2024**

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020), Директорот на училиштето го изготви полугодишниот извештај за воспитно – образовната работа на училиштето, а Училишниот одбор на седницата одржана на ___.___.2024 година го предложи извештајот до Советот на општината.

## ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ

***Извештајот има за цел да ги презентира:***

- презентација на условите за работа во училиштето и што се е направено за нивно подобрување

- севкупната организациона поставеност и колку е реализирана Годишната програма на училиштето

- поддршка и активности за професионалниот развој на наставникот, стручните соработници и останатите вработени во училиштето

- презентација на произлезените активности во текот на првото полугодие

- аналитички приод на постигнати резултати и предлог мерки за надминување на недостатоците

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ИЗВОРИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

- Законот за основно образование
- Развојниот план на училиштето
- Годишна програма за работа на училиштето
- Реализација на програмите на раководниот, стручниот кадар и останатите органи и тела во училиштето
- Статистички преглед и извештаи за бројот, структура на учениците, паралелки и успехот на учениците

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево со петте подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ с. Панчарево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена – во мирување од оваа наставна година и ПУ с. Чифлик – во мирување) учебната 2023/2024 година ја започна на 1 септември во $8^{00}$ часот со физичко присуство на учениците.

Првачињата и шестоодделнците се примени последни во училиштето и се запознаени со своите одделенски раководители. На сите ученици им беше прочитан кодексот на однесување во училиштето и куќниот ред.

Училиштето во Пехчево наставата ја реализира во една смена од прво до деветто одделение од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

ПУ с. Црник е подрачно училиште во кое се опфатени сите одделенија од прво до деветто одделение и тука наставата се изведува во една смена од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

ПУ с. Панчарево и ПУ с.Робово се подрачни училишта каде што се изведува само одделенска настава од прво до петто одделение и се работи едносменски од $08^{00}$ – $13^{00}$ часот.

Работното време на наставниците во централното училиште и во сите подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ во с. Робово, с. Панчарево) е од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

Работното време на директорот, административно техничкиот кадар, стручната служба и хигиеничарите во централното училиште во Пехчево, ПУ с. Црник, ПУ с. Робово и ПУ с. Панчарево е од $07^{00}$ – $15^{00}$ часот, со исклучок на неколку хигиеничари со неполно работно време од централното училиште на кои работното време им е од $11^{00}$ до $15^{00}$ часот.

## РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### *1. Опфат на ученици*

Во основното образование во учебната 2023/2024 година во почетокот на учебната година беа опфатени 267 ученици, но сега се опфатени 266 ученици, распоредени во 27 паралелки. Во меѓувреме од странство се вратија три ученика, додека со преведница се испишани четири ученика, поради промена на местото на живеење или иселување во странство.

| *Училиште* | *Број на ученици* | *Број на паралелки* |
|---|---|---|
| ООУ Пехчево | 201 | 16 |
| ПУ с. Црник | 55 | 9 |
| ПУ с. Панчарево | 5 | 1 |
| ПУ с. Робово | 5 | 1 |
| ***Вкупно*** | **266** | **27** |

ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број на ученици по одделенија на крајот на првото полугодие во учебната 2023/2024 година*

| | **Македонски јазик** | | **Албански јазик** | | **Турски јазик** | | **Српски јазик** | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* |
| **I** | 19 | 8 | | | | | | | 19 | 8 |
| **II** | 25 | 10 | | | | | | | 25 | 10 |
| **III** | 35 | 21 | | | | | | | 35 | 21 |
| **IV** | 31 | 14 | | | | | | | 31 | 14 |
| **V** | 36 | 17 | | | | | | | 36 | 17 |
| ***I – V*** | ***146*** | ***70*** | | | | | | | ***146*** | ***70*** |
| **VI** | 19 | 8 | | | | | | | 19 | 8 |
| **VII** | 32 | 13 | | | | | | | 32 | 13 |
| **VIII** | 30 | 16 | | | | | | | 30 | 16 |
| **IX** | 39 | 20 | | | | | | | 39 | 20 |
| ***VI - IX*** | ***120*** | ***57*** | | | | | | | ***120*** | ***57*** |
| **I – IX** | **266** | **127** | | | | | | | **266** | **127** |




Значајно е да се истакне дека оваа година во споредба со претходната учебна година бројот на ученици е помал, што придонесува за намалување на бројот на паралелки на ниво на училиште во споредба со претходната учебна година.

***2. Материјално технички ресурси***

Во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево заедно со подрачните училишта, просторните услови ги задоволуваат педагошките норми и стандарди. Наставата во централното училиште во Пехчево се организира и реализира на база на матични училници за одделенска настава, додека во предметна настава е на принцип на кабинети. Во централното училиште во Пехчево во сите училници има поставено електронски табли, односно има дваесет електронски табли и три електронски панели, во подрачните училишта во село Црник има шест електронски табли, а во село Робово има една електронска табла. Во летниот период до почетокот на наставната година се превземени сите потребни активности, се со цел подобрување на условите за работа и учење на учениците.

Аплицираме, правиме проекти, го поддржуваме професионалното надоградување на наставниците се со цел подобрување на условите за работа и учење и подобрување на квалитетот на наставата.

### *3. Кадровски услови*

### ВРАБОТЕНИ

Сите кадровски потреби се навремено решени, а воспитно – образовниот процес во текот на првото полугодие се изведуваше непречено.
Во училиштето вкупно вработени се 62 лица. Од вработените – 1 е директор, 2 административно технички работници, 2 се стручна служба, 43 се наставници, 11 хигиеничари, 2 ложач и 1 хаусмајстор. Од наставниците 26 наставника изведуваат предметна настава од кои 1 наставник е магистер, 23 се со ВСС, 2 се со ВШС и 1 наставник е со средно образование. Од оние со високо образование на неопределено време со полн фонд на часови се 15 наставника, на неопределено време со неполн фонд на часови нема, еден наставник на неопределено време е на боледување. На определено време со полн фонд на часови се 2 наставника, на определено време со неполн фонд на часови се 5 наставника и со средно образование 1 наставник на определено со неполн фонд на часови. Од оние со вишо образование, вкупно 2 наставника во предметна настава, сите се на неопределено полно работно време. Еден наставник од претметна настава се здоби со звање наставник – ментор.
Одделенска настава изведуваат 17 наставника од кои 14 наставници се со ВСС, а 3 се со ВШС. Од нив сите со полн фонд на часови -12 наставника се на неопределено работно време – 12 наставника со високо образование, од кои еден наставник е магистер и 3 наставника со вишо образование и 2 наставника со високо образование се на определено работно време.
Раководно стручниот кадар во училиштето го сочинуваат: еден директор, еден психолог и еден педагог кои се на неопределено работно време и сите се со ВСС.
Административно техничкиот кадар го сочинуваат еден секретар кој е со ВСС и еден самостоен референт за благајна - благајник кој е со средно образование и се на неопределено работно време.
За хигиено – техничко одржување се задолжени - 9 хигиеничари со полно работно време и 2 со неполно работно време, 2 ложача кои се се на неопределено работно време и еден хаусмајстор кој е на определено полно работно време.

**ПРЕГЛЕД**
*на наставниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година*

| **Наставен кадар по наставни јазици** | **Одделенска настава** | | | | | **Предметна настава** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | |
| македонски | 14 | 3 | | | 17 | 23 | 2 | | 1 | 26 | 43 |
| албански | | | | | | | | | | | |
| турски | | | | | | | | | | | |
| српски | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 14 | 3 | | | 17 | 23 | 3 | | 1 | 26 | 43 |

**ПРЕГЛЕД**

*на раководниот и стручниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година*

| **Работно место** | **Завршено образование** | | **Вкупен работен стаж** | **Работно искуство како директор, помош. и зам. директор, педагог, психолог, социолог** |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВШС | | |
| Директор | 1 | | 23 год. 5 мес. | 6 год. |
| Зам. директор | | | | |
| Пом. директор | | | | |
| Педагог | 1 | | 3 год. 2 мес. | 3 год. 2 мес |
| Психолог | 1 | | 14 год. 10 мес. | 10 год. 6 мес |
| Социолог | | | | |

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР**
**(од август до јануари)**

Во првото полугодие, дел од обуките наставниците ги следеле со физичко присуство и дел онлајн. Наставниците од одделенска и предметна настава кои предаваат во одделнијата во кои треба да се реализира настава според новата концепција ја следеле соодветната обука за Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование. Исто така сите наставници и од предметна и од одделенска настава во месец август ја следеа втората задолжителна обука организирана од страна на БРО – Стратегии, методи и техники за работа со надарени деца. Наставничката по биологија проследи едневна консултативна обука – Искуствено учење по природните науки. Наставничката по англиски јазик Александра Ковачовска – Постоловска присуствуваше на обука организирана од државниот испитен центар – TALIS, исто така наставничката следи подолготрајна обука која започнаа во првото полугодие и се уште трае. Наставничката по француски јазик Магдаленка Симовска присуствуваше на обука за иновации и претприемништво за наставници - МАНУ, во организација на Центарот за развој на нови бизниси и Центарот за извонредност за образование и обука за зелени иновации при Машинскиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје и Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, во соработка со: МАНУ, Бирото за развој на образованието, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Министерството за економија и обуката La médiation linguistique en classe de français.
Стручните соработници беа следени неколку обуки – онлајн за унапредување на нивната стручност и зголемување на компетенциите во облата на компетентност.
Од страна на директорот беа следени следните обуки - напредни обуки за директор – „Дигитална писменост DIG01“; „Мобинг, психосоцијални аспекти и законска заштита“ – MOB01“.

**ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ**

***1. Годишна програма за работа на училиштето***

Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена и донесена во предвидениот законски рок и презентирана пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на општината.

Сите наставници и од предметна и од одделенска настава навремено ги изготвија и предадоа кај стручната служба своите годишни и тематски планирања (и истите дел од наставниците континуирано ги предаваат), наставниците кои предаваат според новата концепција редовно изготвуваат неделно планирање и сценарија на дневна основа, а дел од наставниците во предметна настава кои реаслизираат настава по старата програма редовно изготвуваат дневно – оперативни планирања. Своите годишни и тематски планирања наставниците ги изготвуваат според насоките добиени од советниците од БРО и стекнатите сознанија од различните семинари и обуки кои ги имаат посетено. Стручните соработници во текот на првото полугодие имаа посета часови кај наставниците и од предметна и од одделенска настава.

Приоритетни подрачја во Годишната програма за работа на училиштето се:

- Учење и настава

**Цел:** унапредување на наставниот процес со користење на СМАРТ табли
**Очекувани исходи:** користење на СМАРТ табли во наставата, современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови, зголемена мотивација за учење.

- Учење и настава

**Цел:** унапредување на наставниот процес со користење на современи нагледни средства и збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература
**Очекувани исходи:** користење современи нагледни средства и стручна литература со цел постигнување современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови и зголемена мотивација за учење.

- Учење и настава

**Цел:** унапредување на наставниот процес преку зголемен број на обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници
**Очекувани исходи:** обучени наставници за изведување современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови и зголемена мотивација за учење.

- Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку поставување на настрешница од капијата до влезот во училиштето (од источната страна).
**Очекувани исходи:** создадени услови за безбедно движење на учениците и вработените во училиштето при лоши временски услови.

- Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку поставување на термоизолација, поставување гумен под, замена на седиштата и оградата на спортската сала.
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење по предметот физичко и здравствено образование и релаксација на учениците.

- Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку поставување на вештачка трева полнета со песок со гумена гранулација на надворешното спортско игралиште во училишниот двор во централното училиште.
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење по предметот физичко и здравствено образование и релаксација на учениците.

- Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку поставување на епоксидни подови во ходниците во централното училиште.
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

- Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку реновирање на фасадата на училиштето во с. Робово.
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

- Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку поставување на настрешница и пристапна патека за инвалиди во новиот дел во училиштето во с. Црник.
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

➢ Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку доградување на училишниот двор во централното училиште во Пехчево.
**Очекувани исходи:** создадени безбедни услови за работа, престој и учење.

➢ Ресурси

**Цел:** унапредување на просторните услови кон потребите на учениците преку набавка на пластични столчиња, шкафчиња и клупи во боја, компјутери и принтери во централното училиште во Пехчево и подрачните училишта (според потребите).
**Очекувани исходи:** создадена попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење.

➢ Постигања на учениците

**Цел:** зголемување на мотивацијата кај учениците преку изложување на нивните трудови, изработки и добиени награди.
**Очекувани исходи:** зголемена мотивација кај учениците за учество на натпревари и конкурси.
Целите за приоритетното подрачје на промени од Годишната програма – **Учење и настава** континуирано се унапредуваат со:
- набавување на СМАРТ табли во ПУ с. Црник со цел за современа и прилагодена настава кон потребите на учениците, поинтересни и поинтерактивни часови, зголемена мотивација за учење кај учениците и создадени услови за далечинско учење;

- набавување на современи нагледни средства и збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература;
- зголемен број на посетени обуки;
- изградба на настрешница во централното училиште;
- поставување на термоизолација, поставување гумен под, замена на седиштата и оградата во спортската сала во Пехчево;
- поставување на вештачка трева полнета со песок со гумена гранулација на надворешното спортско игралиште во училишниот двор во централното училиште.

**Показатели:** набавени СМАРТ табли кои учениците ќе ги користат во воспитно – образовниот процес; набавени современи нагледни средства и зголемен библиотечен фонд со книги од соодветна стручност; бројот на посетени обуки од страна на наставниците, поставена настрашница на влезот за ученици во централното училиште, создадени услови за работа на часовите по физичко и здравствено образование во спортската сала со поставена термоизолација, нов гумен под, заменети седишта, поставување на ограда околу неа, поставена вештачка трева на надворешното спортско игралиште.
Целите за приоритетното подрачје на промени од Годишната програма – **Ресурси** континуирано се надоградуваат преку унапредување на просторните услови кон потребите на учениците во централното и подрачните училишта со цел создадавање на попријатна атмосфера и подобрени услови за работа, престој и учење, рекреација и поголема безбедност на самите ученици.
**Показатели:** Изградба на настрешница во централното училиште; поставена термоизолација, поставен гумен под, заменети на седиштата и оградата во спортската сала во Пехчево; поставена вештачка трева полнета со песок со гумена гранулација на надворешното спортско игралиште во училишниот двор во централното училиште; поставени епоксидни подови во централното училиште; реновирана фасадата на училиштето во с. Робово; поставена настрешница и пристапна патека за инвалиди во новиот дел во училиштето во с. Црник;

целосно заграден училишен двор во Пехчево; набавени пластични столчиња, шкафчиња и клупи во боја, компјутери и принтери во централното училиште во Пехчево и подрачните училишта (според потребите).
Целите за приоритетното подрачје на промени од Годишната програма – **Постигања на учениците** континуирано се унапредуваат со зголемување на мотивацијата кај учениците преку изложување на нивните трудови, изработки и добиени награди на видни места во училиштето и нивна промоција на пошироко ниво, со цел зголемување на интересот кај учениците за учество на натпревари и конкурси.
**Показатели:** Обезбедување на катче во училиштето за изложба на трудови, изработки и добиени награди.

## *2. Планирање и реализација на наставата*

### 2.1. Задолжителна настава

Реализацијата на содржините од планирана настава – задолжителни часови се реализирани околу 90%, бидејќи во првото полугодие има повеќе празници и се реализираат помалку наставни денови, но во текот на второто полугодие истите ќе бидат реализирани во поголем процент.

### 2.2. Изборни предмети

Изборните предмети кои учениците ги изучуваат во текот на оваа наставна година беа изберени за изучување според анкетите за ученици кои се извршија во месец мај за следната наставна година, а според новата концепција во првата недела од септември од понудените листи добиени според спроведената анкета за првичен интерес.

Изборен предмет во III одделение во ПУ с. Црник со еден час неделно, за учениците припадници на заедниците се реализира изборниот предмет *јазик и култура на Турците.* Во IV одделение во централното училиште во Пехчево изборен предмет кој го изучуваа во текот на првото полугодие е *образование за животни вештини,* во ПУ с. Црник изборен предмет кој го изучуваа во текот на првото полугодие е *мултикултурни работилници,* а во ПУ с. Робово изборен предмет кој го изучуваат е *фигури од хартија - оригами.* Исто така изборен предмет во IV одделение во ПУ с. Црник со два часа неделно, за учениците припадници на заедниците се реализира изборниот предмет *јазик и култура на Турците.* Во V одделение во централното училиште во Пехчево, во ПУ с. Црник и во ПУ с. Робово како изборен предмет во текот на првото полугодие се изучуваше *театар во училница,* додека во подрачното училиште во С. Панчарево се изучуваше *фигури од хартија – оригами.* Во VI одделение и во централното училиште во Пехчево и во ПУ с. Црник како слободен изборен предмет се изучува *разрешување на конфликти*. Во VIIа и во VIIб одделение во централното училиште во Пехчево Црник изборен предмет за изучување е избран *проекти од информатика*, во VII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *изборен спорт.* Во VIIIа одделение и во VIIIб одделение во централното училиште во Пехчево за изборен предмет е избран *проекти од информатика,,* додека во VIII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *техничко образование.* Во IXа одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *проекти од информатика*, во IXб одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *програмирање,* додека во IX одделение во ПУ с. Црник како изборен предмет за изучување е избран *техничко образование.*

### 2.3. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за учениците кои послабо напредуваат и имаа потешкотии при совладувањето на наставниот материјал од прво до деветто одделение. Според индивидуалните согледувања наставникот дава определби во кои области учениците заостануваат и спроведува дополнителни часови за таквите ученици на месечно ниво. Темпото и бројот на ученици вклучени во дополнителна настава зависи од тековното совладување на наставните содржини. Дополнителна настава во одделенска настава според добиените насоки од БРО е евидентирана во речиси сите одделенија, освен во едно одделение(II$^{а}$ одделение во централното училиште) по предметите македонски јазик, историја и општество, матемтатика, англиски јазик, физичко образование, природни науки, техничко образование и информатика, музичко образование, ликовно образование, фигури од хартија – оригами. Во предметна настава најчесто е држана по предметите – физичко образование, македонски јазик, математика, биологија, англиски јазик, географија, физика, историја, француски јазик, хемија, информатика, етика.

### 2.4. Додатна настава

Ваков вид на настава се организира за учениците кои според согледувањата на наставниците покажуваат посебен интерес и посебни способности по одредени предмети заради проширување и зголемување на спектарот на стекнување на знаења на месечно ниво. Додатна настава во одделенска настава според добиените насоки од БРО е евидентирана во речиси сите одделенија, освен во едно одделение(II[а] одделение во централното училиште) по предметите матемтатика, македонски јазик, природни науки, англиски јазик, физичко образование, музичко образование и ликовно образование. Во предметна настава најчесто е држана по предметите - англиски јазик, физичко образование, македонски јазик, математика, биологија, географија, француски јазик, физика, информатика, ликовно образование, германски јазик.

### 2.5. Час на одделенската заедница

Час на одделенската заедница или образование за животни вештини е задолжителен за сите ученици од второ до деветто одделение, а во прво одделение се изучува во склоп на другите предмети и не е издвоен како посебен час. Одделенскиот час се реализира со еден час неделно во одделенијата од третиот период од предметна настава, додека во одделенијата од првиот и вториот период се реализира еднаш седмично или по потреба, а се бележи во други активности.

### 2.6. Реализација на развојно – истражувачки проекти и други иновации

Во училиштето успешно се спроведуваат и реализираат повеќе проекти:
- проектот Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта;
- проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието;
- новата  наставна концепција за основно образование;
- стратегијата за основно образование 2018-2025 година;
- концепцијата за воннаставни активности во основното образование;
- концепцијата за државно тестирање;
- концепцијата за инклузивно образование;
- програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;
- спроведување на различни иновативни работилници од страна на стручните соработници во училиштето наменети за учениците;
- програмата за Образование за животни вештини во одделенијата од третиот период;
- програмата за описно оценување на учениците од прво до шесто одделение;

### 2.7. Воннаставни активности

Преку воннаставните активности се поттикнува детската фантазија, креативност, љубопитност, самостојност, желба за афирмација на детската личност. Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност. Училиштето планира и ќе реализира разновидни воннаставни активности што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, како што се на пр.:

- ученички секции;
- натпревари;
- екскурзии;
- отворени денови на центарот;
- ученичка заедница; и
- општествено-корисна и хуманитарна работа.

### 2.8. Успехот и редовноста на учениците

Во интерес на реалното согледување на успехот и редовноста на учениците во текот на првото полугодие, а со цел постоење на методолошка оправданост при анализа на успехот и радовноста на учениците користени се методи и принципи на анализа, синтеза, генерализација, компаративност и реалност. За извор на информации и споредување на резултатите се користени статистички податоци според пол, возраст, национален статус на учениците последователно во четири периоди низ целата наставна година. Во долу дадената табела споредбено се дадени статистички податоци за средниот постигнат успех на полугодие на учениците во последните три наставни години:

| СРЕДЕН УСПЕХ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛУГОДИЕ 2021/2022*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2022/2023*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2023/2024*** | | |
| **IV V VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | | **IV V VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | | **IV V VI** | **описно се оценети на крајот од првото полугодие** | |
| **VII** | 4.09 | **среден успех** | **VII** | 3.59 | **среден успех** | **VII** | 3.64 | **среден успех** |
| **VIII** | 3.85 | | **VIII** | 4.08 | | **VIII** | 3.44 | |
| **IX** | 3.79 | | **IX** | 3.94 | | **IX** | 3.79 | |
| **VII - IX** | | 3.91 | **VII - IX** | | 3.87 | **VII - IX** | | 3.62 |

На полугодие, учениците од првиот период(I, II, III одделение) и учениците од вториот период(IV, V, VI одделение) се оценуваат описно, додека само учениците од третиот период(VII, VIII и IX одделение) се оценуваат бројчано. Според тоа среден успех може да се добие само за учениците кои учат во третиот период. Оваа наставна година, според бројчаното оценување на учениците од третиот период, средниот успех на трите одделенија варира во споредба со средниот успех од претходните две наставни години. Оваа наставна година средниот успех изнесува 3,62 што е за 0,25 понизок во споредба со средниот успех од минатата 2022/2023 наставна година, а за 0,29 средниот успех на учениците е понизок оваа наставна година во споредба со наставната 2021/2022 година. Според добиениот среден успех во последните три наставни години се забележуваат варијации кај успехот на учениците, кој последователно низ трите наставни години се намалува.
Оваа наставна година на полугодие еден ученик од деветто одделение не е оценет, поради непосетување на настава. Ученикот од масец септември не посетува настава за што се преземени сите потребни законски мерки.

**ПРЕГЛЕД**

*на средниот успех по одделенија на полугодие последните три учебни години*

| СРЕДЕН УСПЕХ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Полугодие 2021/2022*** | | | ***Полугодие 2022/2023*** | | | ***Полугодие 2023/2024*** | | |
| ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** | ***одд*** | ***среден успех*** | ***изостаноци по ученик*** |
| **I** | Описно се оценети | 6.84 | **I** | Описно се оценети | 0.70 | **I** | Описно се оценети | 13.21 |
| **II** | | 1.65 | **II** | | 1.56 | **II** | | 4.38 |
| **III** | | 11.47 | **III** | | 4.00 | **III** | | 2.34 |
| **IV** | | 12.52 | **IV** | | 1.35 | **IV** | | 6.12 |
| **V** | | 8.54 | **V** | | 11.07 | **V** | | 6.94 |
| **VI** | | 12.10 | **VI** | | 4.76 | **VI** | | 17.47 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VII** | 3.80 | 17.07 | **VII** | 3.59 | 23.27 | **VII** | 3.64 | 7.28 |
| **VIII** | 3.84 | 15.14 | **VIII** | 4.08 | 7.94 | **VIII** | 3.44 | 16.63 |
| **IX** | 3.74 | 2.15 | **IX** | 3.94 | 18.33 | **IX** | 3.79 | 21.07 |










При вршење на споредба на минатогодишниот полугодишен успех и полугодишниот успех оваа наставна година по одделенија може да се земе во предвид само за учениците од третиот период односно учениците од седмо, осмо и деветто одделение, бидејќи само учениците од третиот период на полугодие се оценети бројчано. Заклучно горенаведеното се согледува следното:

- успехот на седмо одделение оваа наставна година е повисок во споредба со претходната наставна година, додека во споредба со наставната 2021/2022 година е понизок. Средниот успех од претходната 2022/2023 учебна година е повисок за 0,05, додека за разлика од учебната 2021/2022 година средниот успех на полугодие на седмо одделение е понизок за 0,16;

- успехот на осмо одделение оваа наставна година година е понизок во споредба со претходните наставни години и тоа за разлика од минатата наставна година 2022/2023 на полугодие средниот успех е понизок за 0,64, додека за разлика од наставната 2021/2022 година средниот успех на полугодие на осмо одделение е понизок за 0,40;

- успехот на девето одделение оваа наставна година е понизок во споредба со претходната наставна година, а повисок во споредба со наставната 2021/2022 година. За разлика од минатата наставна година 2022/2023 на полугодие успехот е понизок за 0,15, додека за разлика од наставната 2021/2022 година средниот успех на полугодие на девето одделение е повисок за 0,05;

- општо земено полугодишниот успех оваа наставна година споредбено со полугодишниот успех од претходните две наставни години покажува благо намалување споредбено со претходните наставни години. Оваа наставна година највисок успех се забележува кај учениците од деватто одделение.

Оваа учебна година согласно Законот за основно образование и Правилникот за регулирање на редовноста, отсуствата на учениците од настава и за видот на педагошки мерки и начинот на нивно изрекување во ООУ „Ванчо Китанов" во текот на првото полугодие има изречени пет педагошки мерки на три ученика поради неоправдано отсуство од настава, од кои усна и писмена опомена на два ученика и само усна опомена на еден ученик и тоа:

- усна опомена поради неоправдано отсуство од настава од 10 – 15 часа, изречена од страна на одделенскиот раководител;

- писмена опомена поради неоправдано отсуство од настава од 15 – 20 часа, изречена од страна на одделенскиот раководител;

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2023/2024 година само за централното училиште во Пехчево (без подрачните училишта)***

| **реден бр.** | **одделение** | **среден успех** | **реден бр.** | **одделение** | **изостаноци по ученик** |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **I** | **описно оценети на полугодие** | *1* | **I** | 11.06 |
| *2* | **IIа** | | *2* | **IIа** | 5.18 |
| *3* | **IIб** | | *3* | **IIб** | 5.20 |
| *4* | **IIIа** | | *4* | **IIIа** | 2.23 |
| *5* | **IIIб** | | *5* | **IIIб** | 1.77 |
| *6* | **IVа** | | *6* | **IVа** | 8.75 |
| *7* | **IVб** | | *7* | **IVб** | 3.75 |
| *8* | **Vа** | | *8* | **Vа** | 7.42 |
| *9* | **Vб** | | *9* | **Vб** | 6.42 |
| *10* | **VI** | | *10* | **VI** | 17.94 |
| *11* | **VIIа** | 3.77 | *11* | **VIIа** | 0.25 |
| *12* | **VIIб** | 3.88 | *12* | **VIIб** | 11.25 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *13* | **VIIIа** | 3.91 | *13* | **VIIIа** | 13.45 |
| *14* | **VIIIб** | 3.21 | *14* | **VIIIб** | 13.73 |
| *15* | **IXа** | 4.26 | *15* | **IXа** | 17.50 |
| *16* | **IXб** | 3.80 | *16* | **IXб** | 11.87 |







Преку увидот од табеларниот преглед за успехот на учениците и редовноста се забележува следното:
- со највисок успех се IXа одделение со среден успех 4.26;
- со најнизок успех се VIIIб оддление со среден успех 3,21;
- најмал број на изостаноци по ученик се забележуваат во VIIа одделение, додека
- најголем број на изостаноци по ученик се забележуваат во VI одделение.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2023/2024 година во централното училиште во Пехчево***

| **VII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.70 |
| Математика | 3.13 |
| Англиски јазик | 3.33 |
| Француски јазик | 3.88 |
| Ликовно образование | 4.46 |
| Музичко образование | 4.41 |
| Информатика | 3.91 |
| Географија | 3.66 |
| Историја | 4.12 |
| Етика | 3.83 |
| Биологија | 3.08 |

| | |
|---|---|
| Физичко образование | 4.00 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од информатика | 4.29 |
| **Среден успех на седмите одделенија** | **3.83** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4.46;
-најслаб е успехот по биологија 3.08;
-среден успех на седмо одделение е 3.83.

| **VIII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.68 |
| Математика | 2.78 |
| Англиски јазик | 3.68 |
| Француски јазик | 3.08 |
| Германски јазик | 2.62 |
| Ликовно образование | 4.09 |
| Музичко образование | 4.27 |
| Географија | 3.68 |
| Историја | 3.99 |
| Граѓанско образование | 4.14 |
| Биологија | 3.04 |
| Физика | 3.23 |
| Хемија | 3.40 |
| Физичко образование | 3.86 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од информатика | 3.95 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **3.57** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по музичко образование 4.27;
-најслаб е успехот по математика 2.78;
-среден успех на осмо одделение е 3.57.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3.64 |
| Математика | 3.83 |
| Англиски јазик | 4.14 |
| Француски јазик | 4.06 |
| Германски јазик | 3.01 |
| Ликовно образование | 4.32 |
| Музичко образование | 4.80 |
| Географија | 3.93 |
| Историја | 4.52 |
| Граѓанско образование | 4.45 |
| Биологија | 3.86 |
| Физика | 3.90 |
| Хемија | 3.67 |
| Иновации | 3.86 |
| Физичко образование | 4.51 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од информатика | 4.31 |
| Програмирање | 3.67 |
| **Среден успех на деветите одделенија** | **4.03** |



Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по музичко образование 4.80;
-најслаб е успехот по германски јазик 301;
-среден успех на деветто одделение е 4.03.

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2023/2024 година во ПУ с Црник***

| Реден бр. | одделение | Среден успех | Реден бр. | одделение | Изостаноци по ученик |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **I** | **описно оценети на полугодие** | *1* | **I** | 7.00 |
| *2* | **II** | | *2* | **II** | 1.00 |
| *3* | **III** | | *3* | **III** | 2.14 |
| *4* | **IV** | | *4* | **IV** | 6.66 |
| *5* | **V** | | *5* | **V** | 8.14 |
| *6* | **VI** | | *6* | **VI** | 15.00 |
| *7* | **VII** | 3.29 | *7* | **VII** | 11.87 |
| *8* | **VIII** | 3.21 | *8* | **VIII** | 25.00 |
| *9* | **IX** | 3.31 | *9* | **IX** | 42.77 |
| | | | | | |







Бидејќи на полугодие бројчано се оценети само оние ученици кои учат во одделенијата во последниот, третиот период, од увидот на табелата јасно се гледа дека:
-најдобро одделение по успех е IX одделение со среден успех 3.31;
-најслабо одделение по успех е VIII одделение со среден успех 3.21;

-најмногу изостаноци по ученик се забелжани во IX одделение;
-најмал број на изостаноци по ученик се забележани во II одделение.
Споредбено со успехот во централното училиште во ПУ с. Црник средниот успех на учениците е послаб, но во овој случај битно е да се напомене дека ПУ с. Црник е мултинационално училиште во кое што учат ученици од различни националности и тоа македонска, турска, ромска националност и бошњаци, при што според бројноста на учениците во најголем број се застапени ученици од ромска националност, потоа се учениците од турска и два ученика по националност бошњаци. Во ПУ с. Црник има само еден ученик од македонска националност, а во иднина нема да има ученици од македонска националност.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2023/2024 година во ПУ с. Црник***

| VII одделение | |
|---|---|
